З А П И С Н И К
од Двесте дваесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 13 октомври 2026 година

Скопје, октомври 2026 година

З А П И С Н И К
од Двесте дваесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 13 октомври 2026 година

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем и членовите на Владата, Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Јетон Шасивари, министер за правда, Агон Ферати, министер за односи меѓу заедниците, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, д-р Борче Серафимовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Ѓоко Велковски, министер за социјална политика, демографија и млади, Иван Стоилковиќ, министер за локална самоуправа, м-р Седат Сулејмани, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Муамет Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање, Борко Ристовски, министер за спорт, Ерџан Демир, министер без ресор и Зулфиќар Зејнула, министер без ресор, задолжен за меѓународни партнерства и странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство и д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација.

На седницата присуствуваа и м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, како и Димитар Димовски и Андреа Ѓошевска, претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања и членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Сашо Клековски, министер за здравство и Горан Минчев, министер за јавна администрација.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од Двесте и шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 септември 2026 година

- Усвојување на Записникот од Двесте и деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 октомври 2026 година

1. Информација за донесување на Уредба за начин и критериуми за реализација на проектите финансиски поддржани од Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија ИНОВА

2. Извештај за работата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за 2025 година

3. Предлог – одлука за продажба на конфискуван имот (Имотен лист бр.60721,Ко Центар 2, КП бр.2606/1)

4. Предлог – одлука за продажба на конфискуван имот (Имотен лист бр.60722, КО Центар 2, КП 2606/1)

5. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Кичево

6. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Куманово и Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Дирекција за заштита и спасување

7. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за управување со одземен имот

8. Информација по повод доставено писмено Известие-Одговор на Барање VI П.бр.788/16 од 2.7.2026 година од Државното правобранителство на Република Северна Македонија постапувајќи по задолжение на Владата на Република Северна Македонија од Нацрт - записникот од Сто осумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана 16 јуни 2026 година, по повод Информација од Министерство за финансии во врска со преземените дејствија во насока на постапување по заклучокот од Осумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 јуни 2025 година во врска со Нацрт - спогодба за регулирање на должничко-доверителски односи со извршна клаузула помеѓу страните: Цементарница УСЈЕ А.Д Скопје, сега Титан Усје АД - Скопје како доверител и Република Северна Македонија и Република Северна Македонија - Министерство за финансии како солидарни должници, а кои произлегуваат од правосилна и извршна пресуда на Основниот граѓански суд Скопје 52 ТС бр.61/22 од 26.3.2023 година и Пресуда на Апелационен суд Скопје ТСЖ бр. 1815/23 од 14.11.2024 година

9. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (друг вид инфраструктура-одводен канал старо течение на Црна Река)

10. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.бр.03-1095/1)

11. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП бр. У-68/26)

12. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во катастарот на недвижности (ДП бр.116/26)

13. Полугодишен извештај за работата на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, за периодот јануари – јуни 2026 година

14. Деловен и финансиски извештај за период од 1 јануари 2024 година до 31 декември 2024 година на Песталоззи Фондација детско село од Троген-Швајцарија-Подружница во Република Северна Македонија-Скопје, со статус на организација од јавен интерес, со Извештај на независен ревизор

15. Деловен и финансиски извештај за период од 1 јануари 2025 година до 31 декември 2025 година на Песталоззи, Фондација детско село Троген, Швајцарија подружница во Скопје, со статус на организација од јавен интерес, со Извештај на независен ревизор

16. Годишна сметка за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година, Годишен извештај за работењето за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година и финансиски извештаи за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, со Извештај на независниот ревизор, со прилози и дополнување и со предлог-одлуки

17. Информација во врска со Анекс-договорот бр.2 кон Договорот за доделување на државна помош со бр.13-374/1 од 15.2.2023 и Анекс-договор бр.1 со бр.13-1146/1 од 10.7.2025 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги ВДЛ ВАН ХООЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден и ВДЛ Бус и Цоацх Холдинг Б.В, со текст на Анекс-договор бр.2 и со Предлог - одлука

18. Информација во врска со Анекс-договорот бр.3 кон Договорот за доделување на државна помош со бр.13-255/1 од 1.2.2016 и Анекс-договор бр.1 со бр.13-1402/1 од 20.10.2022 година и Анекс-договор бр.2 со бр.13-1147/1 од 10.7.2025 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги ВДЛ ВАН ХООЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден и ВДЛ Бус и Цоацх Холдинг Б.В., со текст на Анекс-договор бр.3 и со Предлог – одлука

19. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението за зачувување на хрватскиот идентитет Форум на Хрватите во Скопје-Скопје (КП бр. 12145, КО Центар 1)

20. Информација за пристапување на Република Северна Македонија кон Женевскиот акт на Лисабонскиот договор за ознаки на потекло и географски ознаки, со текст на Женевски акт и со Предлог-одлука

21. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Лозово

22. Информација за болеста сипаници кај овци и кози на територијата на Република Северна Македонија и Западен Балкан

23. Известување за преземените активности во врска со Одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 1 октомври 2026 година до 7 октомври 2026 година

24. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период 1 октомври 2026 година до 7 октомври 2026 година

25. Известување за активностите поврзани со кризната состојба заради можност за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на територијата на Република Северна Македонија, за период од 27 септември 2026 година до 3 октомври 2026 година

26. Известување за преземените активности во врска со Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 24 септември 2026 година до 30 септември 2026 година

27. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 24 септември 2026 година до 30 септември 2026 година

28. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој

29. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Фондот за осигурување на депозити

30. Информација за потребата од донесување одлуки за доделување на опрема за собирање на комунален отпад (камиони) на користење на општините и јавните комунални претпријатија во Пелагонискиот и Југозападниот плански регион во рамки на Регионалниот проект за управување со цврст отпад финансиран од Европска банка за обнова и развој, испорака јуни, јули и август 2026 година, со предлог-одлуки

31. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија на големо и мало, преработка, продажба и услуги, увоз-извоз ДООЕЛ ,,ДЕАЛТАСК ФРЕШ" Ресен, со Предлог-одлука

32. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ѓорѓи Павлов, ул.,,Ѓорѓи Сугаре" бр.8, Кавадарци, со Предлог-одлука

33. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Александар Филипов, ул.„Никола Минчев" бр.4-18, Кавадарци, со Предлог-одлука

34. Информација за престанок на важење на Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за размена на земјоделско земјиште во сопственост на Република Македонија со земјоделско земјиште во приватна сопственост, под број 44-4143/1-17 од 13.2.2018 година, со прилози и со Предлог-одлука

35. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Два бисера 2, Лагадин, Охрид, со Предлог-решение

36. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Алуши аба Струга, со Предлог-решение

37. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Макпетрол, Струга, со Предлог-решение

38. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од мотел Подгорски ан, Струмица, со Предлог-решение

39. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Брана Градче, Кочани, со Предлог-решение

40. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Конгресен центар, Охрид, со Предлог-решение

41. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Гранит, Охрид, со Предлог - решение

42. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Амбасадор, Охрид, со Предлог - решение

43. Информација за пренос на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија со број 12-2867/13 од 20.3.2012 година, со Предлог-одлука

44. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – минерална вода и гас CO2 на локалитетот „Брегови“, Општина Битола, со Предлог-одлука

45. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – термоминерална вода на локалитетот „Бел Камен“, Општина Чешиново-Облешево

46. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Ребре Лочки“, с. Црквино, Општина Велес, со предлог – одлуки

47. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – глина на локалитетот „Јуртина“, Општина Велес, со предлог – одлуки

48. Предлог-одлука за определување на висината на надоместокот за закупнина на стан на лица на кои им следува право на користење службен стан согласно закон, доколку истиот не може да им биде обезбеден

49. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци (изградба на објект од јавен интерес со намена В2 - здравство и социјална заштита)

50. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Горно Лисиче“, Општина Аеродром

51. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Орман“, Општина Теарце

52. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на Друштвото за производство, трговија и услуги Бианко сета марми ДОО Скопје на локалитетот ,,Дупен Камен”, с.Беловодица, Општина Прилеп

53. Предлог - одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална подземна вода на локалитетот „с.Крушеани“, Општина Кривогаштани.

54. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за воспоставување на заеднички гранични премини меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија и за спроведување на заеднички активности за гранична контрола

55. Предлог на закон за престанување на важењето на Законот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница во Република Северна Македонија

56. Информација за назначување на висок претставник на Република Северна Македонија во Постојаниот заеднички комитет на високи претставници на државите наследнички на поранешната СФРЈ, со Предлог-решение

57. Информација за програмата и приоритетите на Ирското претседателство со Советот на Европската Унија, со календар за одржувањето на неформалните министерски состаноци на Европската Унија

58. Информација со предлог за именување на претседател на македонскиот дел на мешовитите комисии по спогодбите/договорите за економска/техничка/научна и трговска соработка со владите на одделни земји, со Предлог-решение

59. Предлог-одлука за отворање на претставништво на Европската инвестициска банка во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје

60. Извештај од Првата седница на Мешовитата комисија по Меморандумот за економска соработка меѓу Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на Република Северна Македонија и Министерството за економија на Словачка Република

61. Информација за измена на состав на Делегација на Република Северна Македонија што ќе ги води преговорите за усогласување на Нацрт-протокол, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Италијанска Република за соработка во областа на борба против трговија со луѓе и злоупотреба на деца кои се жртви на трговија со луѓе

62. Национална стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Северна Македонија (2026-2030), со Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и Акциски план за борба против трговија со деца

63. Предлог - решение за изменување на Решението за назначување претседател, заменик – претседател, членови, заменици – членови и секретар на Националната комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025 – 2028, со Акциски план 2025-2026

64. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за одбрана

65. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за внатрешни работи (Имотен лист бр.3062, КП бр.222/1, КО Здуење)

66. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за внатрешни работи (КП 1766, КО Велес)

67. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за одбрана

68. Информација за следење на имплементацијата на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021 – 2025), со текст на Годишен извештај

69. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствари на Казнено – поправната установа Казнено-поправен дом Идризово Скопје

70. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Аслан Сељмани против Република Северна Македонија, А.бр.36276/22

71. Информација за правосилност на две пресуди на Европскиот суд за човекови права во предметите Геровска-Попчевска против Република Северна Македонија (бр.2) А. бр. 30989/20 и Скрчески против Република Северна Македонија А. бр.37954/21, со Предлог-одлука

72. Информација за состојбата со спроводни возила наменети за спровод на осудените и притворените лица во казнено-поправните и воспитно-поправните установи

73. Информација за вклучувањето на Република Северна Македонија во проектот ,,Вештачка интелигенција за пристапување кон ЕУ (е-пристапување)" во рамките на иницијативата ЕУ4Дигитал (EU4Digital), со прилог

74. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот јануари-март 2026 година

75. Предлог-одлука за отворање Почесен конзулат на Република Северна Македонија во Федеративна Република Бразил, со седиште во Сао Пауло

76. Предлог-решение за именување почесен конзул на Република Северна Македонија во Федеративна Република Бразил, со седиште во Сао Пауло

77. Информација за донесување на нов акциски план 2026-2027 за реализација на Националната стратегија за млади 2023-2027 година, со текст на Акциски план

78. Информација за кофинансирање на дигитален иновациски центар во рамки на програмата „Дигитална Европа“

79. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Политички науки“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение

80. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Социолошки науки - Социологија на општествени промени“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение

81. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Хемија“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на англиски јазик, на Природно-математички факултет, Скопје, при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје, со Предлог - решение

82. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Фармацевтски науки“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за медицински науки, при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, со Предлог - решение

83. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Базични и клинички истражувања во дентална медицина“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за медицински науки, при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, со Предлог - решение

84. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Туризам и угостителство“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, со Предлог - решение

85. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Базични и клинички истражувања во медицината“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за медицински науки, при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, со Предлог - решение

86. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Биомедицина“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за медицински науки, при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, со Предлог - решение

87. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Економија и бизнис“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Економски факултет и Економски институт-Скопје, при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог - решение

88. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Безбедност на храна“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за ветеринарна медицина, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение

89. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Машинство“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Машински факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение

90. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Растителна биотехнологија“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за земјоделски науки и храна, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение

91. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Заштита на растенија - фитомедицина“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за земјоделски науки и храна, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение
92. Информација во врска со реализацијата на проектот за Реконструкција со адаптација на театар при НУ ЦК „Трајко Прокопиев“, Куманово

93. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за култура и туризам

94. Предлог-одлука за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници и бројот на стручни соработници во средните училишта кои можат да се стекнат со звање наставник-ментор, односно стручен соработник-ментор

95. Предлог-одлука за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници и стручни соработници во основните училишта кои можат да се стекнат со звање наставник-ментор, наставник-советник и стручен соработник-ментор

96. Предлог-одлука за давање согласност за бројот на студентите кои се запишуваат на трет циклус на студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово во академската 2026/2027 година

97. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (Министерство за социјална политика, демографија и млади)

98. Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

99. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

100. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, по скратена постапка, поднесен од група пратеници
101. Предлог на закон за изменување на Законот за Бирото за развој на образованието, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

102. Барање за давање на автентично толкување на член 17 од Закон за пожарникарството, поднесено од пратеникот Славјанка Петровска

103. Годишен извештај на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2025 година

104. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.150/2026, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 68 став 2 во делот „го избира" од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/26)

105. Иницијатива од Мирослав Јовановиќ, претседател на Српска странка во Македонија и Горан Зафировски од Скопје, претседател на Работничка партија, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.146/2026, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 11 ставови 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од Законот за политичките партии („Службен весник на Република Македонија" бр.76/04, 5/07, 8/07, 5/08 и 23/13 и „Службен весник на Република Македонија" бр.236/22)

106. Иницијатива од Јанаки Митровски, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.139/2026, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 300-б од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.37/96, 80/99, 4/02, 43/03/ 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 87/07, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 143/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.36/23, 188/23 и 16/26)

107. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.147/2026, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 26 во делот „или на друг орган" од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24, 37/25, 86/25, 101/25, 135/25 и 132/26)

108. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.159/2026, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 13 став 18 во делот „до Управниот суд, согласно со членот 30 од овој закон" од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.269/25 и 132/26)

109. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под УЗ.бр.40/2026, за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 3 став 5 во делот „Фондот за иновации и технолошки развој" и член 5 став 2 во делот „Агенцијата за млади и спорт" од Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.9/05 и 161/12 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 255/19 и 42/21)

110. Иницијативи од Игорчо Точев од Скопје, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.163/26, У.бр.164/26 и У.бр.165/26 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 87 став 1 алинеја 2, член 99 став 2 во делот „или надлежен орган во постапка утврдена со закон", член 163 ставови 1, 2, 3, 4, 5, член 169 став 2 во делот „се до промената на нивото на вработениот по основ на унапредување" од Законот за судска служба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 146/26)

111. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.166/2026 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 122 став 2 во делот „се до промената на нивото на вработениот по основ на унапредување“ од Законот за јавнообвинителска служба („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 146/26).

112. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.162/2026, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 13 став (2) во делот „став (4)”, член 22 став (5) во делот „став (4)“, член 52 став (1) алинеја 29, член 60 став (1) точките 11 и 15 и член 62 став (1) точка 9 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21 и 73/24)

113. Понуда од нотар Снежана Видовска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.189629, на КП бр.1955/1 и Имотен лист бр.189631, на КП бр.1916/1, за КО Драчево 2, викано место/улица „Караџина“

114. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.191807, за КО Драчево 2, на КП бр.798, викано место/улица „Чупријан“
115. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.191810, на КП бр.799, за КО Драчево 2, викано место/улица „Чупријан“

116. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.192763, на КП бр.795, за КО Драчево 2, викано место/улица „Чупријан“

117. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.102213, за КО Радишани, на КП бр.4057/1, викано место/улица „Радишани“, Имотен лист бр.102215, за КО Радишани, на КП бр.4051, викано место/улица „Радишани“, Имотен лист бр.102216, за КО Радишани, на КП бр.4055/1, викано место/улица „Радишани“ и Имотен лист бр.103266, за КО Радишани, на КП бр.4067, викано место/улица „Жегравец“

118. Информација за примена на Законот за нотаријатот за 2025 година

119. Информација за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2025 година

120. Информација за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во конечниот ревизорски извештај од областа на ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност (Образец ИЗПМ) за период од 17 јануари 2022 година до 22 јуни 2024 година, со Акциски план

121. Информација за напредокот во воспоставувањето и развојот на системот за управување со квалитет и примената на Заедничката рамка за проценка (CAF) во јавниот сектор во 2025 година
122. Годишен извештај за работата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за 2025 година

123. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен (сметката на основен буџет (637))

124. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Жени лидери - жени во политиката, Собранието, на раководни функции во органи на централна власт“

125. Информација за надминување на укажувањата во врска со препораките и утврдените состојби во наодите на внатрешниот ревизор за извршена ревизија на процесот на спроведување на јавни набавки во Акционерското друштво Аеродроми на Република Северна Македонија, во 2024 година и првите два квартали од 2025 година, со прилог Квартален извештај за преземени мерки

126. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес, за периодот април - јуни 2026 година

127. Извештај на Општина Свети Николе, за искористени средства од Буџетот на Република Северна Македонија, согласно Одлуката за одобрување на средства од Резервите на Република Северна Македонија за 2026 година, бр.57-4336/6 од 24 јуни 2026 година

128. Кадровски прашања

129. Прашања и предлози

130. Информација за подготовките за учество на делегација на Република Северна Македонија на Конференцијата на високо ниво за Западен Балкан во рамки на Берлинскиот процес, на 22 октомври 2026 година, во Свети Стефан, Црна Гора, со Предлог-платформа за настап на делегацијата

131. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2026 година

132. Информација за задолжување на Република Северна Македонија, која произлегува од договорот за долгорочен кредит за финансирање на буџетски потреби од Шпаркасе банка АД Скопје, со Предлог-одлука

133. Информација за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај домашни комерцијални банки во износ до 40.000.000 евра во денарска противвредност

134. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за задолжување на Општина Чаир со долгорочен кредит кај Комерцијална банка АД Скопје

135. Информација за промена на критерумите за кредитната линија од компензационите фондови која се реализира преку Развојна банка на Северна Македонија за поддршка на претпријатија со дејност од областа на земјоделството за обезбедување на поддршка на откупот на земјоделските производи, со Предлог-одлука

*

* *

Пред преминување на Дневен ред:

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Двесте и шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 септември 2026 година и Записникот од Двесте

и деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 октомври 2026 година.

*
* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

Точка 1

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за донесување на Уредба за начин и критериуми за реализација на проектите финансиски поддржани од Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија (ИНОВА).

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

Точка 2

Владата го разгледа и усвои Извештајот за работата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за 2025 година.

Точка 3

Владата ја донесе Одлуката за продажба на конфискуван имот (Имотен лист бр.60721, КО Центар 2, КП бр.2606/1).

Точка 4

Владата ја донесе Одлуката за продажба на конфискуван имот (Имотен лист бр.60722, КО Центар 2, КП бр.2606/1).

Точка 5

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Кичево.

Точка 6

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Куманово.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Дирекција за заштита и спасување.

Точка 7

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за управување со одземен имот.

Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата по повод доставено писмено Известие-Одговор на Барање VI П.бр.788/16 од 2.7.2026 година од Државното правобранителство на Република Северна Македонија постапувајќи по задолжение на Владата на Република Северна Македонија од Нацрт - записникот од Сто осумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана 16 јуни 2026 година, по повод Информација од Министерство за финансии во врска со преземените дејствија во насока на постапување по заклучокот од Осумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 јуни 2025 година во врска со Нацрт - спогодба за регулирање на должничко- доверителски односи со извршна клаузула помеѓу страните: Цементарница УСЈЕ А.Д Скопје сега Титан Усје АД - Скопје како доверител и Република Северна Македонија и Република Северна Македонија - Министерство за финансии како солидарни должници, а кои произлегуваат од правосилна и извршна пресуда на Основниот граѓански суд Скопје 52 ТС бр.61/22 од 26.3.2023 година и Пресуда на Апелационен суд Скопје ТСЖ бр. 1815/23 од 14.11.2024 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Државното правобранителство на Република Северна Македонија како застапник по закон на тужителот Република Северна Македонија и Република Северна Македонија - Министерство за финансии во постапката заведена пред Основен граѓански суд-Скопје под 52 ТС бр.61/22, да ја информира Владата за донесената одлука на Врховниот суд на Република Северна Македонија по изјавените ревизии од страна на тужителот и тужените.

Точка 9

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (друг вид инфраструктура-одводен канал старо течение на Црна Река) и условно ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности доколку предлагачот достави усогласен текст на предлог-одлуката со Агенцијата за катастар на недвижности и со Секретаријатот за законодавство.

* * *

Актот не е реализиран на оваа седница на Владата на Република Северна Македонија.

Точка 10

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.бр.03-1095/1).

Точка 11

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП бр. У бр.68/26)

Точка 12

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП бр. 116/26).

Точка 13

Владата го разгледа и усвои Полугодишниот извештај за работата на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, за периодот јануари – јуни 2026 година.

Точка 14

Владата ги разгледа и усвои Деловниот и финансискиот извештај за периодот од 1 јануари 2024 година до 31 декември 2024 година на Песталоззи фондација детско село од Троген-Швајцарија - Подружница во Република Северна Македонија - Скопје, со статус на организација од јавен интерес, со Извештај на независен ревизор.

Точка 15

Владата ги разгледа и усвои Деловниот и финансискиот извештај за периодот од 1 јануари 2025 година до 31 декември 2025 година на Песталоззи, Фондација детско село Троген, Швајцарија подружница во Скопје, со статус на организација од јавен интерес, со Извештај на независен ревизор.

Точка 16

Владата ги разгледа Годишната сметка за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година, Годишниот извештај за работењето за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година и Финансиските извештаи за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, со Извештај на независниот ревизор, со прилози и дополнување и со предлог-одлуки и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишната сметка на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година.

3. Ја донесе Одлуката за одобрување на Финансиските извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година.

4. Ја донесе Одлуката за распоредување на добивката остварена по Годишната сметка и финансиските извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија во 2024 година.

Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Анекс-договорот бр.2 кон Договорот за доделување на државна помош со бр.13-374/1 од 15.2.2023 и Анекс-договор бр.1 со бр.13-1146/1 од 10.7.2025 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги ВДЛ ВАН ХООЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден и ВДЛ Бус и Цоацх Холдинг Б.В, со текст на Анекс-договорот бр.2 и со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс-договорот бр.2 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна

Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги ВДЛ ВАН ХООЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден И ВДЛ Бус и Цоацх Холдинг Б.В бр.13-374/1 од 15.2.2023 година и Анекс-договор бр.1 бр.13-1146/1 од 10.7.2025 година.

Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Анекс-договорот бр.3 кон Договорот за доделување на државна помош со бр.13-255/1 од 1.2.2016 и Анекс-договор бр.1 со бр.13-1402/1 од 20.10.2022 година и Анекс-договор бр.2 со бр.13-1147/1 од 10.7.2025 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги ВДЛ ВАН ХООЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден и ВДЛ Бус и Цоацх Холдинг Б.В., со текст на Анекс-договор бр.3 и со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс-договор бр.3 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги ВДЛ ВАН ХООЛ Македонија ДООЕЛ Илинден и ВДЛ Бус и Цоацх Холдинг Б.В бр.13-255/1 од 1.2.2016, Анекс-договор бр.1 бр.13-1402/1 од 20.10.2022 година и Анекс-договор бр.2 бр.13-1147/1 од 10.7.2025 година.

Точка 19

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението за зачувување на хрватскиот идентитет Форум на ХРВАТИТЕ во Скопје-Скопје (КП бр. 12145, КО Центар 1).

Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за пристапување на Република Северна Македонија кон Женевскиот акт на Лисабонскиот договор за ознаки на потекло и географски ознаки, со текст на Женевски акт и со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Женевскиот акт на Лисабонскиот договор за ознаките на потекло и географски ознаки, на Светската организација за интелектуална сопственост.

2. Ја донесе Одлуката за пристапување на Република Северна Македонија кон Женевскиот акт на Лисабонскиот договор за ознаки на потекло и географски ознаки.

Точка 21

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Лозово.

Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за болеста сипаници кај овци и кози на територијата на Република Северна Македонија и Западен Балкан и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Се укажува на општините превентивно да изнајдат механизација и места за закопување на мрши од угинати и евтаназирани животни и во случај на појава на болеста сипаници кај овци и кози на нивна територија, со истото да и дадат поддршка на Агенцијата за храна и ветеринарство.

2. Се укажува на општините во кои ќе се појави болеста, преку јавните комунални претпријатија да и помогнат на Агенцијата за храна и ветеринарство во превентивната дезинфекција на зафатените подрачја од болеста со персонал и механизација.

Точка 23

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 1 октомври 2026 година до 7 октомври 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 24

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период 1 октомври 2026 година до 7 октомври 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 25

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради можност за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на територијата на Република Северна Македонија, за период од 27 септември 2026 година до 3 октомври 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 26

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 24 септември 2026 година до 30 септември 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи и заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 27

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата

надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 24 септември 2026 година до 30 септември 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 28

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Борче Серафимовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници м-р Надица Џерковска, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Феми Исен, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Точка 29

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Фондот за осигурување на депозити, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Иван Недев, раководител на сектор во Министерството за финансии.

Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување одлуки за доделување на опрема за собирање на комунален отпад (камиони) на користење на општините и јавните комунални претпријатија во Пелагонискиот и Југозападниот плански регион во рамки на Регионалниот проект за управување со цврст отпад финансиран од Европска банка за обнова и развој, испорака јуни, јули и август 2026 година, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе одлуките со заклучок текстот на истите да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

* * *

Актите не се реализирани на оваа седница на Владата на Република Северна Македонија.

Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија на големо и мало, преработка, продажба и услуги, увоз-извоз ДООЕЛ „ДЕАЛТАСК ФРЕШ”, Ресен, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ѓорѓи Павлов, ул. „Ѓорѓи Сугаре“ бр.8, Кавадарци, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Александар Филипов, ул.„Никола Минчев“ бр.4-18, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за престанок на важење на Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за размена на земјоделско земјиште во сопственост на Република Македонија со земјоделско земјиште во приватна сопственост, под бр.44-4143/1-17 од 13.2.2018 година, со прилози и со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за размена на земјоделско земјиште во сопственост на Република Македонија со земјоделско земјиште во приватна сопственост.

Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Два бисера 2, Лагадин, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Алуши аба Струга, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Алуши аба со седиште на ул. „Партизанска“ бр. 15 Струга, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Макпетрол, Струга, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (втора категорија со четири (4) ѕвезди).

Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од мотел Подгорски ан, Струмица, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за мотел од петта категорија со една (1) ѕвезда).

Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Брана Градче, Кочани, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Конгресен центар, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Гранит, Охрид со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Амбасадор, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за пренос на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија со број 12-2867/13 од 20.03.2012 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за пренос на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија бр. 12-2867/13 од 20.3.2012 година.

Точка 44

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – минерална вода и гас CO2 на локалитетот „Брегови“, Општина Битола, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - минерална вода и гас CO2 на локалитетот „Брегови“, Општина Битола.

Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – термоминерална вода на локалитет „Бел Камен“, Општина Чешиново-Облешево, ја усвои и го задолжи Министерството за транспорт - Сектор за патен сообраќај и инфраструктура во рок од три дена до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави

соодветно мислење во однос на иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – термоминерална вода на локалитет „Бел Камен“, Општина Чешиново-Облешево.

Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Ребре Лочки“, с. Црквино, Општина Велес, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања.

Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – глина на локалитетот „Јуртина“, Општина Велес, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапка за детални геолошки истражувања.

Точка 48

Владата ја донесе Одлуката за определување на висината на надоместокот за закупнина на стан на лица на кои им следува право на користење службен стан согласно закон, доколку истиот не може да им биде обезбеден.

Точка 49

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци (изградба на објект од јавен интерес со намена В2 - здравство и социјална заштита).

Точка 50

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Горно Лисиче“, Општина Аеродром (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

Точка 51

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Орман“, Општина Теарце.

Точка 52

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на Друштвото за производство, трговија и услуги Бианко сета марми ДОО Скопје на локалитетот „Дупен Камен”, с.Беловодица, Општина Прилеп, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за транспорт да достави мислење по предметниот материјал.

Точка 53

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална-подземна вода на локалитетот „с.Крушеани“, Општина Кривогаштани, за наредната седница на Владата.

Точка 54

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за воспоставување на заеднички гранични премини меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија и за спроведување на заеднички активности за гранична контрола, го утврди и заклучи согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Ивона Стефановска Димитровска, помошник-директор во Министерството за внатрешни работи.

Точка 55

Владата го разгледа Предлогот на закон за престанување на важењето на Законот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница во Република Северна Македонија, го утврди и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Панче Тошковски, министер за внатрешни работи и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереник Сашо Петрушевски, државен секретар во Министерството за внатрешни работи.

Точка 56

Владата ја разгледа Информацијата за назначување на висок претставник на Република Северна Македонија во Постојаниот заеднички комитет на високи претставници на државите наследнички на поранешната СФРЈ, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за назначување на висок претставник на Република Северна Македонија во Постојаниот заеднички комитет на високи претставници на државите наследнички на поранешната СФРЈ.

Точка 57

Владата ја разгледа Информацијата за програмата и приоритетите на Ирското претседателство со Советот на Европската Унија, со календар за одржувањето на неформалните министерски состаноци на Европската Унија, ја усвои и го задолжи Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да ги спроведе дипломатските активности и протоколарни подготовки поврзани со учеството на делегациите на неформалните министерски состаноци на Европската

Унија, согласно Календарот на одржување на неформалните министерски состаноци на Европската Унија.

Точка 58

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за именување на претседател на македонскиот дел на мешовитите комисии по спогодбите/договорите за економска/техничка/ научна и трговска соработка со владите на одделни земји, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за именување на претседател на македонскиот дел на мешовитите комисии согласно договорите и спогодбите.

Точка 59

Владата ја донесе Одлуката за отворање на претставништво на Европската инвестициска банка во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје.

Точка 60

Владата го разгледа Извештајот од Првата седница на Мешовитата комисија по Меморандумот за економска соработка меѓу Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на Република Северна Македонија и Министерството за економија на Словачка Република и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, до 31 декември 2026 година, да спроведе промоција на македонското вино на пазарот на Словачка Република.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, до 30 ноември 2026 година, да воспостави соработка за размена на искуство со Министерството за земјоделство и рурален развој на Словачка Република за подготовка на интегрирана платформа за собирање податоци во земјоделскиот сектор.

3. Се задолжува Министерството за култура и туризам, до 30 ноември 2026 година, да воспостави соработка со Министерството за култура на Словачка Република за создавање и проширување на културната мрежа помеѓу автори, изведувачи, ансамбли и уметнички/културни институции.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, до 30 ноември 2026 година, да воспостави соработка за размена на искуство со Министерството за животна средина на Словачка Република, во однос на новите регулативи на Европската Унија за декарбонизација во индустрискиот сектор.

5. Се задолжува Министерството за транспорт, до 30 ноември 2026 година, да воспостави соработка за размена на искуство и знаење со Министерството за транспорт на Словачка Република, во однос на транспонирање и примена на поморското законодавство на Европската Унија.

Точка 61

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за измена на состав на Делегација на Република Северна Македонија што ќе ги води преговорите за усогласување на Нацрт-протокол, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Италијанска Република за соработка во областа на борба против трговија со луѓе и злоупотреба на деца кои се жртви на трговија со луѓе.

Точка 62

Владата ја разгледа Националната стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Северна Македонија (2026-2030), со Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и Акциски план за борба против трговија со деца, ја усвои Националната стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Северна Македонија (2026-2030) и ги прифати Акцискиот план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и Акцискиот план за борба против трговија со деца.

Точка 63

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за назначување претседател, заменик – претседател, членови, заменици – членови и секретар на Националната комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025 – 2028, со Акциски план 2025 - 2026.

Точка 64

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за одбрана.

Точка 65

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за внатрешни работи (Имотен лист бр.3062, КП бр.222/1, КО Здуње).

Точка 66

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за внатрешни работи работи (КП 1766, КО Велес) и условно ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за внатрешни работи, доколку предлагачот го усогласи текстот на истатата со Секретаријатот за законодавство.

* * *

Актот не е реализиран на оваа седница на Владата на Република Северна Македонија.

Точка 67

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за одбрана.

Точка 68

Владата ја разгледа Информацијата за следење на имплементацијата на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021 – 2025), со текст на Годишен извештај и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Годишниот извештај за 2025 година за спроведување на Акцискиот план на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-25).

2. Се задолжува Министерството за правда – Управа за извршување на санкции и надлежните институции да продолжат со реализација на нереализираните активности предвидени во Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021–2025).

Точка 69

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено–поправната установа Казнено-поправен дом Идризово, Скопје.

Точка 70

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Аслан Сељмани против Република Северна Македонија, А.бр.36276/22 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија, во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Аслан Сељмани против Република Северна Македонија, А.бр.36276/22.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија, во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата на апликантот Аслан Сељмани од предметот Аслан Сељмани против Република Северна Македонија, А.бр. 36276/22 ќе му исплати вкупен износ од 4.450 евра, во денарска противвредност.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантот во предметот Аслан Сељмани против Република Северна Македонија, А.бр. 36276/22, да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази едностранa декларација пред Европскиот суд за човекови права со која ќе ја признае повредата на Европската конвенција за човекови права и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права, на апликантот да му понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

Точка 71

Владата повторно ја разгледа Информацијата за правосилност на две пресуди на Европскиот суд за човекови права во предметите Геровска-Попчевска против Република Северна Македонија (бр. 2) А. бр. 30989/20 и Скрчески против Република Северна Македонија А. бр.37954/21, со Предлог-одлука и притоа ги донесе следните заклучоци:

1..Ја усвои Информацијата за правосилност на две пресуди на Европскиот суд за човекови права во предметите Геровска-Попчевска против Република Северна Македонија (бр. 2) А. бр. 30989/20 и Скрчески против Република Северна Македонија А. бр.37954/21.

2. Ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година.

Средствата, во вкупен износ од 4700 евра во денарска противвредност, да бидат исплатени, најдоцна до 27 октомври 2026 година.

Точка 72

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со спроводни возила наменети за спровод на осудените и притворените лица во казнено - поправните и воспитно - поправните установи и ја усвои Информацијата, со заклучок средствата од 35.000.000,00 денари за отпочнување на постапки за доделување на договор за јавна набавка за набавка на специјализирани возила за спровод на осудените и притворените лица од страна на Управата за извршување на санкциите да се обезбедат во рамки на буџетот на Управата за извршување на санкциите.

Точка 73

Владата ја разгледа Информацијата за вклучувањето на Република Северна Македонија во проектот ,,Вештачка интелигенција за пристапување кон ЕУ (е-пристапување)" во рамките на иницијативата ЕУ4Дигитал (EU4Digital), со прилог и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се овластува д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, како претставник на националната контакт-институција, да ја потпише согласноста за споделување податоци и документи со Европската комисија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа (наведени во прилогот кон оваа информација), во рок од 15 дена, да назначат контакт-лице за соработка за потребите на проектот ,,Вештачка интелигенција за пристапување кон ЕУ (епристапување), во рамки на иницијативата ЕУ4Дигитал (EU4Digital).

3. Се задолжува Министерството за европски прашања, во соработка со Европската комисија и нејзините релевантни институции вклучени во проектот ,,Вештачка интелигенција за пристапување кон ЕУ (е-пристапување), во рамки на иницијативата ЕУ4Дигитал (EU4Digital), да изготви програма со активности за јакнење на административните капацитети за користење на новите дигитални алатки во рок од три месеци по ставање во функција на дигиталните алатки базирани на вештачка интелигенција, за поддршка на земјите кандидатки во процесот на усогласување со правото на Европската Унија, подготовката на документацијата за транспонирање и јакнењето на административните капацитети за забрзано исполнување на европските обврски.

4. Се задолжува Секретаријатот за законодавство, во соработка со Министерството за европски прашања, во рок од два месеци од потпишувањето на согласноста за споделување податоци и документи со Европската комисија, да обезбедат пристап до изјавите за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија со кореспондентна табела, за реализација на активностите од проектот ,,Вештачка интелигенција за пристапување кон ЕУ (епристапување), во рамки на иницијативата ЕУ4Дигитал (EU4Digital).

5. Се задолжува Министерството за правда, во соработка со Министерството за европски прашања, во рок од два месеци од потпишувањето на согласноста за споделување податоци и документи со Европската комисија, да обезбедат пристап до Базата на закони, подзаконски акти и други прописи (LDBIS), за реализација на активностите од проектот ,,Вештачка интелигенција за пристапување кон ЕУ (е-пристапување), во рамки на иницијативата ЕУ4Дигитал (EU4Digital).

6. Се задолжува Министерството за европски прашања, во соработка со Министерството за дигитална трансформација, да иницира активности за ажурирање, структурирање и поврзување на националната верзија на Евровок со јазичните ресурси што ќе се развиваат во рамки на

проектот ,,Вештачка интелигенција за пристапување кон ЕУ (епристапување), во рамки на иницијативата ЕУ4Дигитал (EU4Digital) и да упати покана за соработка најдоцна во рок од еден месец по потпишувањето на согласноста за споделување податоци и документи со Европската комисија, до Собранието на Република Северна Македонија, Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) и Националниот демократски институт (НДИ), за обезбедување функционално поврзување и технолошко усогласување со постојните национални дигитални ресурси и иницијативи, особено со активностите што се реализираат во рамки на проектот „Везилка“.

7. Се задолжува Министерството за европски прашања во рок од шест месеци да ја информира Владата за текот на реализацијата на активностите од проектот ,,Вештачка интелигенција за пристапување кон ЕУ (е-пристапување)" во рамки на иницијативата ЕУ4Дигитал (EU4Digital).

Точка 74

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, во периодот јануари-март 2026 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за дигитална трансформација - Управа за водење на матичните книги, Министерството за јавна администрација - Државен управен инспекторат, Министерството за транспорт, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и Дирекцијата за заштита и спасување, а им се укажува на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор од втор степен, Агенцијата за управување со одземен имот, Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие за државни патишта и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител во текот на јануари, февруари и март 2026 година, по кои сè уште не постапиле и во рок од 10 дена да ги известат Народниот правобранител и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да доставуваат суштински одговори до Народниот правобранител, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител.

Точка 75

Владата ја донесе Одлуката за отворање Почесен конзулат на Република Северна Македонија во Федеративна Република Бразил, со седиште во Сао Пауло.

Точка 76

Владата го донесе Решението за именување почесен конзул на Република Северна Македонија во Федеративна Република Бразил, со седиште во Сао Пауло.

Точка 77

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на нов акциски план 2026-2027 за реализација на Националната стратегија за млади 2023-2027 година, со текст на Акциски план, ја усвои Информацијата и го прифати Акцискиот план 2026-2027 за спроведување на Национална стратегија за млади 2023-2027.

Точка 78

Владата ја разгледа Информацијата за кофинансирање на дигитален иновациски центар во рамки на програмата „Дигитална Европа“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација да обезбеди средства од својата посебна сметка (раздел 17001, ставка 464 – разни трансфери, Програма Н, Потпрограма НА, тип на сметка 1700161174637-12, потпрограма НА), во вкупна висина од 50 милиони денари и тоа: 20 милиони денари во 2026 година, 20 милиони денари во 2027 година и 10 милиони денари во 2028 година, за кофинансирање на проектот DIGITMAK – European Digital Innovation Hub (DIGITMAK), кој ќе се спроведува од страна на конзорциум предводен од координаторот Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ) – Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ).

2. Се препорачува на конзорциумот предводен од координаторот Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ) – Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) да вклучи по еден претставник од Министерството за дигитална трансформација и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија во управниот одбор на проектот DIGITMAK -European Digital Innovation Hub (DIGITMAK).

3. Се препорачува на конзорциумот предводен од координаторот Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ) – Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) да доставува квартални и годишни извештаи за реализација на проектот DIGITMAK - European Digital Innovation Hub (DIGITMAK), како и квартални и годишни финансиски извештаи до Министерството за дигитална трансформација.

4. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација, а се препорачува на конзорциумот предводен од координаторот Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ) – Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ), во рок од пет дена да склучат Меморандум за соработка за уредување на меѓусебните права и обврски.

5. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација еднаш годишно да ја информира Владата на Република Северна Македонија за прогресот за активностите кои произлегуваат од проектот DIGITMAK- European Digital Innovation Hub (DIGITMAK).

Точка 79

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Политички науки“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма „Политички науки“ од трет циклус на

академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Точка 80

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Социолошки науки - Социологија на општествени промени“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма „Социолошки науки - Социологија на општествени промени“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Точка 81

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Хемија“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на англиски јазик, на Природно-математички факултет Скопје, при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма „Хемија“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на англиски јазик, на Природно-математички факултет Скопје, при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје.

Точка 82

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Фармацевтски науки“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за медицински науки, при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма „Фармацевтски науки“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Точка 83

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма „Базични и клинички истражувања во дентална медицина“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за медицински науки, при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма „Базични и клинички истражувања во дентална медицина“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Точка 84

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Туризам и угостителство“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма „Туризам и угостителство“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Точка 85

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Базични и клинички истражувања во медицината“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за медицински науки, при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма „Базични и клинички истражувања во медицината“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за медицински науки, при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип.

Точка 86

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Биомедицина“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за медицински науки, при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма „Биомедицина“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Точка 87

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Економија и бизнис“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Економски факултет и Економски институт Скопје, при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма „Економија и бизнис“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Економски факултет и Економски институт Скопје, при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје.

Точка 88

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Безбедност на храна“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за ветеринарна медицина, при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма „Безбедност на храна“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за ветеринарна медицина, при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.

Точка 89

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма „Машинство“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Машински факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма „Машинство“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Машински факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Точка 90

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Растителна биотехнологија“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за земјоделски науки и храна, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма „Растителна биотехнологија“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за земјоделски науки и храна, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Точка 91

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма „Заштита на растенија - фитомедицина“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за земјоделски науки и храна, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма „Заштита на растенија - фитомедицина“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за земјоделски науки и храна, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Точка 92

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализацијата на проектот за Реконструкција со адаптација на театар при НУ ЦК „Трајко Прокопиев“, Куманово и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програма 84- Одржување на објектите и опремата во областа на културата, ставка 482- други градежни работи со користење на буџетски средства во 2026, 2027 и 2028 година на Министерството за култура и НУ ЦК „Трајко Прокопиев“, Куманово за изведување на работи за Реконструкција со адаптација на театар при НУ ЦК „Трајко Прокопиев“, Куманово, во вкупна вредност од 182.333.204,00 денари, според следната динамика на плаќање:

- 15.000.000,00 денари во 2026 година
- 83.666,602,00 денари во 2027 година
- 83.666.602,00 денари во 2028 година.

2.Се задолжува НУ ЦК „Трајко Прокопиев“, Куманово да ги спроведе постапките за доделување на договор за јавна набавка на работи според доставените предмер пресметки од проектната документација, договор за проектантски надзор и договор за стручен надзор над изведба на работите.

Точка 93

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за култура и туризам.

Точка 94

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници и стручни соработници во средните училишта кои можат да се стекнат со звања наставник - ментор, односно стручен соработник – ментор.

Точка 95

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници и стручни соработници во основните училишта кои можат да се стекнат со звање наставник-ментор, наставник-советник и стручен соработник-ментор.

Точка 96

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за бројот на студентите кои се запишуваат на трет циклус на студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово во академската 2026/2027 година.

Точка 97

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (Министерство за социјална политика, демографија и млади).

Точка 98

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Во образложението е наведено дека предложените измени и дополнувања на Изборниот законик се во насока на спроведување на реформите во изборното законодавство со вградување на препораките од ОДИХР од извештаите за сите спроведени избори и потребата за остварување на преземените обврски за спроведување на ефикасни и континуирани реформи базирани на европските стандарди.

Во февруари 2026 година, Министерството за правда формираше Работна група за реформи во изборното законодавство. Работната група беше составена од претставници на сите парламентарни политички партии застапени во Собранието.

Министерството за правда претходно подготви нацрт-измени на Изборниот законик во кој ги инкорпорираше верзиите што Министерството ги подготвуваше во периодот 2018-2023 година, каде учествуваа претставници на политичките партии, државните органи и институции вклучени во изборните процеси, граѓанскиот сектор, медиумите и меѓународните организации. Измените ги содржеа препораките на ОДИХР во однос на изборниот процес во 2024 година за кои беше побарано и добиено мислење од Канцеларијата за демократски институции и човекови права при ОБСЕ (ОДИХР), кое содржеше повеќе препораки во насока на понатамошно унапредување на законската рамка и нејзино усогласување со меѓународните изборни стандарди. Дел од препораките беа земени предвид при финализирањето на законскиот текст во рамките на работната група, додека дел не беа инкорпорирани во конечниот предлог.

Препораките се однесуваа на:

- дополнително зајакнување на институционалната стабилност и функционирањето на изборната администрација;
- попрецизно уредување на користењето и заштита на податоците од Избирачкиот список;
- понатамошно унапредување на родовата застапеност во изборниот процес;
- дополнително јакнење на механизмите за спречување злоупотреба на јавните ресурси во предизборниот период;

- воспоставување посеопфатна и потранспарентна регулатива за финансирањето на изборната кампања, вклучително и во однос на заемите, непаричните донации, членарините, финансиското известување, објавувањето на извештаите и системот на контрола и санкции;
- обезбедување и унапредување на пристапноста на изборните информации за лицата со попреченост;
- поголема транспарентност во медиумскиот мониторинг за време на изборниот процес и
- попрецизно уредување на распределбата на средствата за платено политичко рекламирање.

Согласно Деловникот за работа, сите одлуки се донесуваат со консензус. Во таа насока, беа одржани вкупно 11 состаноци на работната група и беа прифатени 30 предлози на Министерството за правда во кои беа вградени вкупно 18 препораки од ОДИХР, како и прецизирање на прекршочните одредби. Во однос на вклучувањето на релевантните институции, Министерството за правда одржа состаноци со Државната изборна комисија, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државниот завод за ревизија и претставници на граѓанскиот сектор, со цел обезбедување инклузивен и сеопфатен пристап во подготовката на реформите.

Најголем дел од предлозите на Државната изборна комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги, беа инкорпорирани во Изборниот законик. Со останатите одредби се изврши усогласување со Законот за медиуми, Законот за организација и работа на органите на државната управа и Законот за работните односи.

Во текот на работата на Работната група беа предложи повеќе решенија насочени кон понатамошно усогласување на Изборниот законик со препораките на ОДИХР, кои не добија консензус и не беа вградени во конечниот текст на Предлогот на закон.

Во однос на родовата застапеност, се предложи дополнување на член 64 со нов став (6), со кој се предвидуваше дека во поднесените листи на кандидати за градоначалник од ист подносител, најмалку 30% од кандидатите за градоначалници да му припаѓаат на помалку застапениот пол. Предлогот беше подготвен во насока на имплементација на препораката на ОДИХР дека политичките партии и релевантните државни и јавни институции треба да преземат активни мерки за поттикнување на учеството на жените во изборниот процес и во донесувањето политички одлуки.

Со оглед дека за ова решение не беше постигнат консензус, се смета дека ова прашање треба повторно да биде предмет на разгледување во рамките на идните измени на Изборниот законик.

Во делот на платеното политичко рекламирање, се предложи воспоставување јасен законски модел за распределба на средствата од Буџетот, согласно однапред утврдени процентуални критериуми за различните категории политички партии и независни кандидати. Иако овој предлог имаше за цел да воспостави однапред утврден, транспарентен и предвидлив механизам за распределба на средствата, истиот не доби консензус. Се смета дека ова прашање треба повторно да се разгледа имајќи ја предвид препораката на ОДИХР дека законската рамка треба јасно да го регулира начинот на распределба на средствата, особено во однос на помалите политички партии и независните кандидати, преку објективни критериуми кои ќе обезбедат еднаков третман, правна сигурност, транспарентност и предвидливост на постапката.

Во областа на финансирањето на изборната кампања, се предложи дополнително прецизирање на правилата за поврзаните лица со политичките партии, преку воведување обврска донаторите да доставуваат соодветна изјава или доказ дека не се поврзани лица со радиодифузерите,

печатените медиуми и издавачите на електронски медиуми, согласно член 36 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Предлогот не доби консензус, поради што не беше постигнато целосно усогласување со важечката медиумска регулатива.

Се смета дека ова прашање останува релевантно и од аспект на препораката на ОДИХР за ревидирање на законските одредби за донациите, обезбедување поголема транспарентност на финансирањето, ограничување на заемите како извор на финансирање и воспоставување механизам за утврдување на пазарната вредност на донациите во натура.

Во однос на постапката на гласање, се предложи во член 109 став (2) да се избришат зборовите „му се става печат на предната страна", имајќи предвид дека бројот на избирачкото место веќе е составен дел од печатот кој се отпечатува на гласачкото ливче при неговата изработка, согласно членовите 95 до 98 од Изборниот законик.

Со предложеното решение се настојуваше да се елиминира можноста за евентуална произволна или намерна злоупотреба од страна на избирачките одбори, односно поради пропуштање да се стави печат да се доведе во прашање остварувањето на избирачкото право, особено имајќи предвид дека член 115 став (3) од Изборниот законик не предвидува неважечко гласачкото ливче поради недостиг на печат. Предлогот не беше прифатен.

Се смета дека ова прашање останува во корелација со препораката на ОДИХР за појаснување на правилата со цел да се зачува валидноста на гласачките ливчиња кога волјата на избирачот е јасно изразена, како и да се разгледа можноста за замена на случајно погрешно пополнетите гласачки ливчиња.

Дополнително, ОДИХР во своето мислење потсетува дека значителен број препораки од претходните извештаи за набљудување на изборите остануваат неимплементирани, особено во областите на изборните спорови, медиумската регулатива, изборното набљудување, гласањето и броењето на резултатите, како и други прашања кои претставуваат дел од пошироките изборни реформи.

Се цени фактот што со предложените измени се прават одредени подобрувања на Изборниот законик и се смета дека истите претставуваат чекор во насока на унапредување на изборната регулатива, но се укажува и на потребата од целосно усогласување со препораките содржани во извештаите на ОДИХР за набљудување на изборите од 2024 година и 2025 година, кои исто така упатуваат на потребата од континуирано усогласување на изборното законодавство со меѓународните стандарди и добрата изборна практика.

Имајќи предвид дека изменувањето и дополнувањето на Изборниот законик претставува една од обврските преземени во рамките на Реформската агенда, со рок за донесување до јуни 2026 година, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, при што укажува дека во натамошната законодавна постапка, како и во рамките на идните сеопфатни измени на изборното законодавство, целисходно е да се разгледа можноста за дополнително усогласување на законските решенија со препораките содржани во мислењето на ОДИХР, како и со препораките од Извештаите на ОДИХР за набљудување на изборите од 2024 година и 2025 година, во насока на понатамошно јакнење на правната сигурност, транспарентноста, интегритетот и довербата во изборниот процес.

Точка 99

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Соглсно член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и најмалку 10.000 избирачи. Имајќи ја предвид оваа уставна одредба, Владата цени дека Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво, по скратена постапка е поднесен од овластен предлагач.

Во член 2 од Предлогот на законот, со кој во членот 36 се менува ставот (4), Владата предлага истиот да се измени и да гласи:

„(4) За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите за именување на директор утврдени со Законот за високи раководители, односно има најмалку десет години работно искуство, од кои најмалку две години раководно искуство во јавниот или приватниот сектор, односно искуство со раководење и управување на проекти во областа на економијата, финансиите, правото, инвестициите, интелектуална сопственост или иновациската дејност, стекнато по завршувањето на високото образование.“.

Врз основа на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење со наведената забелешка.

Точка 100

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа нема забелешки по истиот и дава позитивно мислење, со укажување дека во тек е изготвување на целосно нов закон за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, кој меѓу другото ќе биде усогласен и со Законот за високи раководители („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.146/26).

Точка 101

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за Бирото за развој на образованието, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, нема забелешки по истиот и дава позитивно мислење.

Точка 102

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 17 од Закон за пожарникарството, поднесено од пратеникот Славјанка Петровска и притоа го утврди следното мислење:

Автентично толкување се бара на членот 17 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04, 81/07 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и 152/19) во врска со членот 2 став (2) од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/20 и 74/25).

Според членот 17 од Законот за пожарникарството „Пожарникарите на противпожарните единици од членовите 5 и 14 став (1) на овој закон, се осигуруваат од ризик на смрт, повреда или инвалидност настанати при вршењето на работите." .

Подносителот на Барањето смета дека има различни толкувања во однос на примената на членот 17 од Законот за пожарникарството во корелација со членот 2 став (2) од Законот за безбедност и здравје при работа според кој „Одредбите од овој закон не се применуваат во дејностите доколку со посебен пропис е регулирана оваа материја (вооружените сили, полицијата, Царинската управа, во некои посебни активности на силите за заштита и спасување), во спротивно безбедноста и здравјето на вработените при работа кај овие дејности треба да се обезбедат, колку што е можно повеќе, според целите на овој закон.".

Понатаму, во своето Барање подносителот наведува дека поради направениот исклучок од примената на Законот за безбедност и здравје при работа, надлежните инспекциски служби при вршење на инспекциски надзор се огласуваат за ненадлежни во однос на дејностите кои се наведени како исклучок од начинот на обезбедување од ризици при работа уредени со Законот за безбедност и здравје при работа. Тоа доведува до правна несигурност во примената на законите и не се обезбедува спроведување на член 17 од Законот за пожарникарството.

Имајќи го предвид наведеното во Барањето се смета дека:

Согласно член 51 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Пожарникарите кои се осигуруваат од ризик на смрт, повреда или инвалидност настанати при вршење на работа споменати во членот 17 од Законот за пожарникарстовото, се пожарникарите од територијалните противпожарни единици кои ги формираат одредени општини наведени во членот 5 од истиот закон и противпожарните единици кои за сопствени или заеднички потреби ги формираат правни лица кои произведуваат смоли и експлозиви, складираат и манипулираат со запални течности и гасови и исполнуваат и други услови уредени во членот 14 став 1 од истиот закон.

Законот за безбедност и здравје при работа во членот 2 став (2) прави исклучок од неговата примена кога станува збор за активности на силите за заштита и спасување, од причина што истите се осигуруваат согласно Законот за пожарникарството како посебен пропис.

Согласно член 53 ставови (1), (2) и (3) од Законот за пожарникарството, надзорот над спроведувањето на одредбите од Законот за пожарникарството и прописите донесени врз основа на законот го врши Дирекцијата за заштита и спасување. Инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон го вршат инспектори за заштита и спасување. Надзорот и инспекцискиот надзор се врши согласно со Законот за заштита и спасување и Законот за инспекциски надзор.

Според наведените законски одредби инспекторите за заштита и спасување се тие кои ја инспектираат примената на Законот за пожарникарството.

Непостапувањето по член 17 од Законот за пожарникарството повлекува прекршочна одговорност за правното лице, глоба во износ од 1200 евра во денарска противвредност, предвидена во член 55 став 2 алинеја 9 од Законот за пожарникарството.

Во ставот (2) од истиот член предвидена е глоба во висина од 30% од одмерената глоба за правното лице за изрекениот прекршок од член 17.

Според изнесеното нема дилема дека членот 17 од Законот за пожарникарството е задолжителна обврска на работодавачот, да обезбеди осигурување на пожарникарите од ризик на смрт, повреда или инвалидност настанати при вршење на работите како материја уредена со посебен закон, а согласно и уставната одредба секој е должен да го почитува Уставот и законот.

Законодавецот предвидел дека во правниот систем надзорот и инспекцискиот надзор над примената на Законот за пожарникарството го вршат инспектори за заштита и спасување од што произлегува и дека надлежноста за инспектирањето е законски уредена.

Врз основа на изнесеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека членот 17 од Законот за пожарникарството, а во врска со членот 2 став (2) од Законот за безбедност и здравје при работа се јасни и недвосмислени.

Точка 103

Владата го разгледа Годишниот извештај на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2025 година и притоа го утврди следното мислење:

Годишниот извештај на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2025 година е доставен согласно член 36, став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по истиот.

Точка 104

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.150/2026, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 68 став 2 во делот „го избира" од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/2026) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот во горенаведената Иницијатива укажува на неусогласеност на член 68 став 2 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (во натамошниот текст ЗСЈОРМ) со Законот за административните службеници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.144/25, 252/25 и 266/25) (во натамошниот текст ЗАС), во делот на начинот на назначување, односно избор на генерален секретар на Советот.

ЗСЈОРСМ е Закон донесен во мај 2026 година, од кога започнува неговата примена. ЗАС е закон кој влегол во сила пред ЗСЈОРСМ, но истиот има одложена примена од 1 јануари 2027 година. Согласно ова, одредбата во новиот ЗСЈОРСМ не е во колизија со постојниот ЗАС.

Доколку нема измени на ЗАС и истиот започне да се применува од 1.1.2027 година, Владата на Република Северна Македонија го дава следното мислење:

Во главата VII од ЗСЈОРСМ се уредени одредбите за стручната служба на Советот. Статусот на вработените во стручната служба е уреден во членот 68 од ЗСЈОРСМ:

„Статус на вработените во Стручната служба на Советот

Член 68

(1) Генералниот секретар и вработените во Стручната служба на Советот имаат статус на административни службеници.
(2) Генералниот секретар го избира и разрешува Советот со најмалку шест гласови од вкупниот број членови на Советот со право на глас.
(3) Кандидатите за генерален секретар, покрај општите услови за засновање работен однос во јавно обвинителство, односно условите утврдени со Законот за административни службеници, треба да имаат и седум години работен стаж по положен правосуден испит.
(4) За прашањата кои се однесуваат на генералниот секретар и вработените од ставот (1) на овој член, се применуваат одредбите од Законот за административните службеници, општите прописи за работни односи и овој закон.“.

Од одредбата во членот 68 став (4) е уредено дека за прашањата за генералниот секретар и вработените во стручната служба на Советот се применуваат одредбите од Законот за административните службеници, општите прописи за работни односи и новиот ЗСЈОРСМ.

Согласно член 19 став (3) алинеја 2 од ЗАС, генерален секретар се назначува во Советот на јавните обвинители. Согласно член 19 став 6 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.144/25, 252/25 и 266/25):
„(6) Генералниот секретар го назначува раководното лице на институцијата од редот на административните службеници од категоријата Б кои се вработени во таа институција најмалку две години до денот на назначувањето, ако со друг закон не е поинаку уредено.“.

Неточни се наводите во Иницијативата дека предвиденият исклучок за поинакво уредување на прашањето во член 19 став 6 од ЗАС е поврзан за бројот на годините. Напротив, законодавецот со намера оставил доволно простор за доуредување на прашањето со друг закон, имајќи предвид дека генерални секретари се предвидени во различни државни органи.

Оттука, произлегува дека во членот 19 став 6 од ЗАС е предвидено и дозволено поинакво уредување со друг закон, а тоа во конкретниот случај е регулирано посебно во член 68 од ЗСЈОРСМ. Од овие причини одредбите во двата закони не се во колизија.

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека оспорениот член 68 ставот 2 во делот „го избира” од Законот за Советот на јавните обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 102/26 и 148/26) е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на член 68 ставот 2 во делот „го избира” од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 102/26 и 148/26).

Точка 105

Владата ја разгледа Иницијативата од Мирослав Јовановиќ, претседател на Српска странка во Македонија и Горан Зафировски од Скопје, претседател на Работничка партија, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.146/2026, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 11 ставови 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од Законот за политичките партии („Службен весник на Република Македонија” бр.76/04, 5/07, 8/07, 5/08, 23/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.236/22) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата У.бр.146/2026 се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 11 ставови 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од Законот за политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ бр.76/04, 5/07, 8/07, 5/08 и 23/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.236/22) од причина што

подносителот на Иницијативата смета дека „обврската на политичката партија пред истекот на секои четири години од денот на регистрацијата да достави до надлежниот основен суд поединечно дадени потписи заверени пред нотар со број на потписи за основање на политичката партија, всушност, претставува пререгистрација на партијата“.

Предлагачот смета дека „пререгистрацијата како периодична и задолжителна обврска не е услов за основање, туку за опстанок: со тоа за политичките партии се воспоставуваат континуирани административни бариери, се врши индиректен притисок врз нив, а со тоа и врз политичкиот плурализам како темелна вредност на Уставниот поредок на Републиката од член 8 став 1 алинеја 5 на Уставот и се ствара можност за арбитрарно ограничување на политичката конкуренција“.

Според подносителот, оспорената одредба врши повреда на член 20 ставови 1 и 2, член 8 став 1 алинеи 1 и 3, член 9 и член 51 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија.

Владата смета дека поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:

Согласно член 11 став (3), од Законот за политичките партии, политичката партија е должна пред истекот на секои четири години од денот на регистрацијата да достави до основниот суд од членот 17 став 2 на овој закон поединечно дадени потписи заверени пред нотар со број на потписи потребни за основање на политичка партија.

Согласно член 11 став (4), собирањето на потписи од ставот 3 на овој член започнува 90 дена пред денот на истекот на рокот од последната регистрација на политичката партија.

Согласно член 11 став (5), по истекот на рокот од ставот (3) на овој член, во рок од осум дена основниот суд е должен да ја извести политичката партија да постапи согласно со рокот утврден во ставот (3) на овој член.

Согласно член 11 став (6), политичката партија е должна во рок од осум дена од денот на добивањето на известувањето од основниот суд да постапи во согласност со ставот (3) на овој член.

Согласно член 11 став (7), ако политичката партија не постапи во рокот утврден во ставот (6) од овој член, основниот суд по службена должност ќе донесе решение за бришење на политичката партија од судскиот регистар и по правосилноста на решението за тоа ќе го извести Основниот суд Скопје II - Скопје заради бришење на политичката партија и од Единствениот судски регистар на политички партии.

Согласно член 11 став (8), бришењето на политичката партија од судскиот регистар и од Единствениот судски регистар на политички партии се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија“ (и во најмалку две јавни гласила од кои едно е на службен јазик различен од македонскиот, кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија), во рок од 15 дена од денот на бришењето на политичката партија од судскиот регистар.

Владата смета дека член 11 ставови 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од Законот за политичките партии („Службен весник на Република Македонија'' бр.76/04, 5/07, 8/07, 5/08, 23/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.236/22), прецизно ја утврдуваат постапката за регистрација на политичките партии и овозможуваат ажурност на регистарот при евентуална промена на фактичката состојба, која е реално возможна и очекувана во период од четири години. Законодавецот пропишал разумни услови за основање и опстојување на политичките партии,

без притоа да ја повреди слободата на политичко здружување. Посочените ставови од законот кои се предмет на разгледување се објективни, имаат за цел да потврдат дека партијата и понатаму ги исполнува законските услови, воедно овозможувајќи владеење на правото и политички плурализам.

Согласно наведеното, се смета дека по ниту еден од наведените основи од страна на подносителот на Иницијативата, членот 11 ставови 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од Законот за политичките партии, не е во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на овие одредби од Законот.

Точка 106

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Јанаки Митровски, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.139/2026, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 300-б од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.37/96, 80/99, 4/02, 43/03/ 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 87/07, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 143/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.36/23, 188/23 и 16/26) и притоа го утврди следното мислење:

Во однос на Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 300-б од Кривичниот законик, Владата на Република Северна Македонија смета дека со оглед на фактот што членот 300-б од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.37/96, 80/99, 4/02, 43/03/ 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 87/07, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 143/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.36/23, 188/23 и 16/26), е член од Законот донесен по предлог на пратеници, потребно е Уставниот суд на Република Северна Македонија за оспориот член да побара мислење од Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 107

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.147/2026, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 26 во делот „или на друг орган" од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24, 37/25, 86/25, 101/25, 135/25 и 132/26) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата пред Уставниот суд на Република Северна Македонија предлага да се поведе постапка за оценување на уставноста на член 26 во делот „или на друг орган" од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24, 37/25, 86/25, 135/25 и 132/26), кој гласи:

„По донесената правосилна одлука на судот или на друг орган со која се конфискува имот и имотна корист како принос од казнено дело или се одземаат предмети судот, односно надлежниот орган, задолжително веднаш, а најдоцна во рок од три дена, ја известува Агенцијата

и веднаш и ги предава одземените предмети или конфискуваниот имот и имотна корист, доколку претходно веќе не се предадени во Агенцијата.”.

Подносителот во наводите на уставната Иницијатива изнесува дека со оспорениот дел од одредбата се пропишува можност, иако во позитивниот пропис- Законот за прекршоците, таквото овластување – овластување на изрекување на мерка – конфискација на имот и имотна корист со одлука на прекршочен орган или било кој друг орган кој не е попрецизно определен со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, таквата правосилна одлука донесена од орган, сепак да постои како основ, кое нешто воведува правна несигурност.

Членот 40 став 4 во Законот за прекршоци пропишува:
„Прекршочен орган од посебните прекршочни мерки може да примени само мерка одземање на предмети или наплата на противвредноста на одземените предмети, кога тоа е определено со закон со кој е пропишан прекршокот.“.

Согласно ставот 5 од истиот закон и член, доколку прекршочниот орган смета дека за одреден прекршок треба да се изречат мерките конфискација на имот и имотна корист, органот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка со предлог-одлука до судот за донесување на одлука по барањето, со собраните докази за имотот и имотната корист од стореният прекршок, независно од тоа кога било поднесено барањето за поведување на прекршочна постапка пред органот.

На крај, подносителот наведува дека мерката „конфискација на имот и имотна корист” согласно правилата кои важат во Законот за прекршоците, не може да биде изречена од страна на прекршочниот орган, туку таквиот орган, доколку смета дека таква мерка треба да се изрече, за тоа постапува согласно член 40 став 5 од Законот за прекршоците.

Се смета дека наводите изнесени во уставната Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 26 во делот „или на друг орган“ од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка се неосновани.

Имено, при разгледување и анализа на наводите наведени во уставната Иницијатива, како и членот 26 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, се смета дека законодавецот на јасен начин ја пропишал законската одредба, имајќи ги во предвид и одредбите од другите закони, кои како lex specialis пропишуваат надлежноста на други органи кога постапуваат при поведување на прекршочна постапка.

Неспорен е фактот дека единствено надлежен орган согласно Законот за прекршоците за изрекување на мерката конфискација е судот, а другите надлежни органи во прекршочна постапка може само да ја применат мерката одземање на предмети. Ова го потврдува и самиот подносител на Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста.

Делот од одредбата, кој што подносителот на Иницијативата го оспорува „или на друг орган“ не може да се чита изолирано и надвор од контекстот на самата одредба. Одредбата од законот ако се чита и толкува правилно предвидува алтернативно две ситуации, првата е „донесена правосилна одлука на суд“, а втората е „или на друг орган“.

Судот или другиот орган се дадени алтернативно, што е видно од сврзникот „или“ меѓу нив.

Во вториот дел од реченицата која продолжува понатаму, се цитира надлежноста на овие надлежни органи (судот или др. орган), односно „да конфискува имот и имотна корист како принос од казниво дело“ или „се одземаат предмети“. Од наведеното ако се чита правилно одредбата, јасно произлегува дека судот е надлежен за конфискување на имот и имотна корист, а друг орган (МВР, УЈП, Царинска управа и др.) меѓу другите за одземање предмети.

Воедно, во кривичната постапка надлежен за донесување на одлука за одземање на предмети согласно Кривичниот законик и Законот за кривичната постапка е судот.

Одредбата од членот 26 продолжува понатаму во смисла дека еден од овие надлежни органи, кој согласно својата надлежност предвидена во посебни закони, постапувајќи по една од наведените мерки, задолжително веднаш, а најдоцна во рок од три дена, ја известува Агенцијата и веднаш и ги предава одземените предмети или конфискуваниот имот и имотна корист, доколку веќе не се предадени на Агенцијата.

Од горенаведените причини, се смета дека оспорената законска одредба е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на членот 26 во делот „или на друг орган“ од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Северна Македонија",бр.64/24, 37/25, 86/25, 135/25 и 132/26), односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

Точка 108

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.159/2026, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 13 став 18 во делот „до Управниот суд, согласно со членот 30 од овој закон” од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.269/25 и 132/26) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата предлага да се поведе постапка за оценување на уставноста на член 13 став 18 во делот „до Управниот суд, согласно со членот 30 од овој закон“ од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.269/25 и 132/26), кој гласи:

„Кандидатите за членови на Советот кои сметаат дека во постапката за избор на членови на Советот, се прекршени одредбите од членовите 12 и 13 од овој закон, имаат право на тужба до Управниот суд, согласно со членот 30 од овој закон.“.

Подносителот во наводите на Иницијативата изнесува дека постапката за избор на членови на Советот е постапка која претходи на донесување на поединечниот акт – одлука за избор и истата може да биде предмет на испитување во управно – судска постапка само доколку се исполнети условите од членот 24 став 2 алинеја 3 од Законот за управните спорови и според која одредба, постапката која претходи на донесување на поединечни акти може да се оспорува во однос на правилата кои биле повредени само во случај кога веќе постои поединечен акт. Од одредбата од член 13 став 18 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија тоа нешто не произлегува. Исто така, во Иницијативата подносителот наведува дека потребно е да постојат јасни норми, односно хармонија и усогласеност меѓу Законот за управните спорови и Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, односно да се надополнуваат еден со друг, се со цел владеење на правото.

Наводите во поднесената Иницијатива се смета дека се неосновани.

Согласно член 8 од Уставот на Република Северна Македонија, темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се:
- основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот;
- слободното изразување на националната припадност;
- владеењето на правото;
- поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска;
- политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори;
- правната заштита на сопственоста;
- слободата на пазарот и претприемништвото;
- хуманизмот, социјалната правда и солидарноста;
- локалната самоуправа;
- уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и
- почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Согласно членот 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија со законот се уредуваат постапката за изборот и одговорноста на членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија, начинот на остварување на неговите функции, изборот, престанокот и разрешувањето на судија и судија поротник, постапката за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд, утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција, следењето и оценувањето на работата на судиите, начинот на работа и одлучување и други прашања поврзани со работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија и неговата стручна служба.

При подготовката на Предлогот на закон, посебно внимание беше посветено на правото на жалба, односно тужба, што беше уредено со можноста за поднесување на тужба до Управниот суд и потоа жалба до Вишиот управен суд.

Предлогот на закон е подготвен врз основа на препораките од Извештајот на Оценската мисија за функционирањето на Судскиот совет. Дел од препораките дадени во Извештајот се однесуваа токму на оваа постапка за избор на членовите на Советот од страна на Собранието и нивно прецизно доуредување. Предлогот на закон беше доставен на мислење до Венецијанската комисија, а подоцна и до Европската Унија и усогласен со дадените забелешки.

Членот 13 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија ја уредува постапката за избор на член на Советот од страна на Собранието на Република Северна Македонија. Постапката завршува со избор на член на Советот од страна на Собранието, односно со донесување на одлука, по спроведената постапка.

Оттука и правото на тужба до Управниот суд по основот од членот 24 став 2 алинеја 3 од Законот за управните спорови, односно кога постапката му претходела на актот не се постапило според правилата на постапката.

Во член 13 во став 18 од оспорениот закон, јасно и прецизно е регулирано кога се овозможува правото на тужба пред Управниот суд.

Во секој случај, повредата треба да биде сторена во постапката за избор на членови на Советот. Собранието донесува одлука за избор на кандидат за член на Советот која претставува

поединечен, односно конкретен акт на Собранието, против кој е дозволена судска заштита пред Управниот суд.

Во првиот случај, судската заштита е дозволена за повреда на одредбата од членот 12 од Законот, во која се пропишани условите кои задолжително треба избраниот кандидат да ги исполнува. Ако при изборот, од страна на Собранието не била почитувана обврската од Законот за исполнување на пропишаните услови од страна на избраниот кандидат, правото на тужба пред Управниот суд од страна на неизбраните кандидати загарантирано со цел судска заштита на кандидатите кои не се избрани, претставува истовремена корекција за целиот правен и општествен систем, со цел ефикасно откривање и отстранување на лица кои не ги исполнуваат законски услови за извршување на функција. Овој механизам овозможува системот на заслуги да биде единствен при изборот на кандидатите.

Во вториот случај, судска заштита е предвидена за повреда на одредбите од членот 13 од Законот, која се однесува на целата постапка за избор пропишана во членот 13 од Законот, со цел да не се овозможи своеволно без правила и процедури избор на несоодветен кандидат.

Во двата случаи, судската заштита може да биде единствено во судска постапка, бидејќи не се навлегува во слободата на избор и правото на законодавецот и пратениците да изберат кандидат, туку се овозможува владеење на правото преку поделба на власта и следење на точни правила и процедури за да се изврши објективен избор согласно законски пропишани правила на најсоодветниот кандидат кој ги исполнува законски пропишаните услови за извршување на функцијата, врз основа на пропишани критериуми.

Од горенаведените причини, се смета дека оспорената законска одредба е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на член 13 ставот 18 во делот „до Управниот суд, согласно со членот 30 од овој закон“ од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.269/55 и 132/26), односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

Точка 109

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У3.бр.40/2026, за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 3 став 5 во делот „Фондот за иновации и технолошки развој” и член 5 став 2 во делот „Агенцијата за млади и спорт” од Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр.9/05 и 161/12 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 255/19 и 42/21) и притоа го утврди следното мислење:
Во однос на наводите содржани во Иницијативата, кои се однесуваат на конкретни одредби од Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Македонија, Владата информира дека е изготвен Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство, кој се наоѓа во владина постапка.

Со предложените измени меѓу другото се менува ставот (2) од член 11 (каде е предвиден основот Владата на Република Северна Македонија со Уредба да ги утврди критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на

државјанство на Република Македонија) на следниот начин: ,,Органот на државната управа во чија надлежност е областа на интересот врз основа на кој странецот од ставот 1 на овој член може со природување да стекне државјанство на Република Северна Македонија, дава претходно мислење за постоење на особениот интерес во смисла на ставот 1 на овој член.".

Имајќи ги предвид изнесените аргументи, Владата на Република Северна Македонија му предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 3 став 5 во делот ,,Фондот за иновации и технолошки развој" и во делот ,,Агенцијата за млади и спорт" член 5 став 2 од Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.9/05 и 161/12 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.255/19 и 42/21), односно предметната иницијатива да ја отфрли како неоснована.

Точка 110

Владата ги разгледа иницијативите од Игорчо Точев од Скопје, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.163/26, У.бр.164/26 и У.бр.165/26 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 87 став 1 алинеја 2, член 99 став 2 во делот „или надлежен орган во постапка утврдена со закон", член 163 ставови 1, 2, 3, 4, 5, член 169 став 2 во делот „се до промената на нивото на вработениот по основ на унапредување" од Законот за судска служба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 146/26) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот во уставната Иницијатива У.бр. 163/26 на нејасен и конфузен начин повикува на оценување на одредбата во член 87 став 1 алинеја 2 од Законот за судска служба, бидејќи не се предвидени објективни критериуми врз основа на кои би се определиле 20% од оценката на судија за судскиот службеник кој се оценува.

Прво, подносителот на Иницијативата воопшто не ја имал предвид одредбата од ставот (8) во член 87 од Законот, во која се дадени критериумите за оценка:
„(8) Со внесените оценки, оценувачите од ставовите (1), (2) и (3) од овој член, ја оценуваат работата на судскиот службеник во однос на квалитетот, ефективноста и ефикасноста на работењето, почитувањето на роковите и нивото на исполнување на утврдените работни цели и задачи, нивото на вклученост и посветеност на работата, придонесот во реализацијата на програмата за работа на судот и однесувањето на судскиот службеник."

Второ, подносителот не го разгледал ниту имал предвид ставот (13) во член 87, кој упатува на натамошно доуредување со подзаконски акт:
„(13) Начинот на оценување на судскиот службеник, формата и содржината на образецот за оценување, ги пропишува министерот за правда.".

Истовремено, подносителот во уставната Иницијатива неповрзано набројува и наведува дека судскиот администратор бил привилегиран во однос на оценувањето, повикувајќи се на уставна одлука У.бр.3/17.

Се укажува дека во членот 87 од Законот за судска служба се уредува начинот и постапката на оценување на учинокот на судските службеници, вклучително и на судскиот администратор како дел од судската служба.

Во ставот 1 од овој член на Законот, дадено е општото правило како се оценуваат судските службеници:

1) Судскиот службеник се оценува од непосредно претпоставениот и двајца оценувачи (во понатамошниот текст:оценувачи), при што неговата годишна оценка се добива врз основа на збир на проценти утврдени на следниот начин:
- 60% од оценката од страна на непосредно претпоставениот,
- 20% од оценката на судија за кој извршува работни задачи, на предлог на судскиот службеник кој се оценува,
- 20% од оценката на еден судски службеник од судот на исто, односно пониско ниво од оценуваниот.

Во член 87 став 2 е даден начинот на оценување за судските службеници кои не работат со судија, а во ставот 3 е уреден начинот на оценување на судскиот администратор, модус вивенди за правилото од ставот 1 на истиот член од законот. Оценувањето на сите судски службеници е согласно истото правило, вклучително и за судскиот администратор, како дел од судската служба.
Подносителот во Иницијативата иако ја цитирал уставната одлука У.бр.3/17, не го имал предвид делот во кој се наведува дека судскиот администратор освен што е судски службеник врши и други задачи за кои е задолжен согласно закон, а го оценува претседателот на судот.

Во членот 18 од Законот за судска служба се точно наброени надлежностите на судскиот администратор:

-раководи со судската служба, освен со судската полиција,

-одговорен е за остварување и вршење на стручните и административно-техничките работи на судот,

-одлучува за правата, обврските и одговорностите на вработените во судската служба, освен за судската полиција,

-врши работи од судската управа во рамките на својот делокруг на работа утврдени со овој закон, Судскиот деловник и други прописи и подзаконски акти и

-соработува со претседателот на судот во вршењето на работите од судската управа кои се во делокругот на работите на претседателот на судот.

Оттука, оценувањето на судскиот администратор од страна на претседателот на судот претставува оценување од непосредно претпоставен (60%) во однос на спроведување на надлежности од судска управа, особено затоа што претседателот на судот донесува план и програма за работа, која судскиот администратор и сите вработени судски службеници треба да ја спроведуваат, а за што претседателот на судот е одговорен пред Судскиот совет. Оттука, судскиот администратор треба да ги спроведе сите активности за кои со закон е задолжен. Во однос на оценувањето на судскиот администратор од страна на судски службеници од Б или В категорија (по 20%), истото е воведено по правилото за судски службеник кој не работи со судија како во член 87 став 2 од законот. Имено, судскиот администратор не постапува како стручен судски службеник со судија во конкретен судски предмет по кој се води судска постапка, туку ја организира работата на судските службеници. Со оваа одредба истовремено се воведува можност преку оценувањето од судските службеници да се види вештината за организирање и спроведување на работите во судот. Оваа одредба беше предвидена и од причина што во неколку судови забележано е незадовоство од начинот на работа на судскиот администратор и односот на судскиот администратор кон вработените во судот, па затоа се овозможува и оценување на судскиот администратор од вработени во судот. Во однос на наводите дека судскиот администратор нема право на жалба, се потенцира дека одредбата во членот 87 став 12 се однесува на правото на жалба на сите судски службеници, вклучително и на судскиот администратор.

Во однос на наводите на подносителот во Уставната иницијатива У.бр.164/26 во точка I. која се однесува на оспорен дел во член 99 во став 2 „или надлежен орган во постапка утврдена со

закон“ од Законот за судска служба, дека не е доволно уредена и не е во согласност со начелото на владеење на правото, односно дека добива третман на јавна давачка, се укажува на следното:

Подносителот во уставната Иницијатива покажал непознавање на системот на извршување во нашиот правен систем. Одредбите во член 63 став 1 прецизно регулираат како ќе се постапи со извршувањето на паричната казна на одлука за изречена дисциплинска мерка по спроведена дисциплинска постапка согласно закон. Ставот 2 од истиот член во Законот регулира како ќе се постапи за да се наплати паричната казна кога на судскиот службеник во меѓувреме ќе му престане работниот однос во судот. Надлежен орган за спроведување може да биде извршител или банка, врз основа на одлуката за запирање на најмногу 30% од плата на судскиот службеник, но никако не може ова да претставува јавна давачка, ниту пак Управата за јавни приходи да биде надлежен орган за спроведување.

Во однос на уставната Иницијатива У.бр.164/26 во точка II која се однесува на оспорениот член 163 ставови 1, 2, 3, 4 и 5 од Законот за судска служба, подносителот се повикува на тоа дека со овој член е овозможена поповолна положба на судската полиција наспрема останатите вработени во судска служба, што не е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 и членот 9 од Уставот. Владата известува за следното:

Со членот 2 од Законот за судска служба се уредува дека судската служба ја сочинуваат: посебните државни службеници(во натамошниот текст судски службеници), државните службеници, судската полиција и помошно техничкиот персонал. Согласно член 3 став 3 од Законот за судска служба, „(3) Судската полиција ја сочинуваат овластени службени лица вработени во судовите кои вршат работи поврзани со обезбедувањето на објектите, имотот и лицата, како и одржување на редот и мирот во судот за непречено спроведување на службените активности во објектите на судска власт.“

Имајќи предвид дека Законот за вработените во јавниот сектор (ЗВЈС) ,,Службен весник на Република Северна Македонија” бр.144/25 и бр.252/25) ја определува рамката на групите и подгрупите на работни места во јавниот сектор, во членот 34 став (3) од ЗВЈС е уредено дека во рамки на групата II – работни места на службени лица со посебни овластувања, се определува подгрупа 5 – судска полиција.

Судската полиција иако е дел од судската служба и се финансира од судскиот буџет, истата ги ужива сите права, овластувања и привилегии кои припаѓаат на другите подгрупи од групата II согласно Законот за вработени во јавен сектор.

При донесувањето на Законот за судска служба истиот беше задолжително усогласен со забелешките и мислењата на Министерството за јавна администрација и Министерството за финансии.

Во однос на уставната Иницијатива под У.бр.165/26, подносителот во член 169 став 2 од Законот за судска служба го оспорува делот „се до промената на нивото на вработениот по основ на унапредување“.

Оспорената одредба гласи: „(2) На судскиот службеник на кој до денот на започнувањето на примена на овој закон при исплата на платата му се пресметуваат дополнителни бодови за стекнат степен на кариера во делот на плата за нивото согласно со Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.235/22), продолжува да му се пресметуваат како дополнителни бодови во делот на плата за нивото соодветно од категоријата, се до промената на нивото на вработениот по основ на унапредување.

Оваа одредба е во делот на преодни и завршни одредби на Законот и го регулира статусот и правата на судските службеници по започнување на примената на новиот закон. Од причина што Законот за судска служба беше задолжително усогласен со Законот за административните службеници, одредбата е преземена од членот 98 став 2 од новиот Закон за административните службеници („Службен весник на Република Северна Македонија, бр.144 /2025, 252/25 и 256/25). Се истакнува дека дека во членот 101 од Законот за административни службеници е уредено дека „Одредбите од посебните закони со кои се уредуваат прашања во врска со административните службеници ќе се усогласат со одредбите од овој закон најдоцна до 1 јануари 2027 година.

Оспориот дел од одредбата се однесува на засметување на дополнителните бодови за оние судските службеници кои ги имаат стекнато за степен на кариера според претходниот закон, во однос на делот од плата. Законодавецот определил дека таквото право ќе продолжи додека службеникот остане на истото ниво, а ќе престане кога ќе биде унапреден на повисоко ниво, односно работно место од иста категорија.

Согласно уставната надлежност законодавецот има широка дискреција при уредување на преодниот режим, па престанокот на дополнителните бодови при унапредувањето има рационална и легитимна цел, со оваа одредба не се одзема стекнато право, туку го ограничува неговото времетраење до настапување на јасно определен правен факт – унапредување на службеникот. Легитимна цел за определувањето дополнителни бодови да престанат со унапредување е токму поради потребата да се заштитат веќе стекнатите права, да се спречи нивно трајно задржување во новиот систем и постепено да се воспостави единствен систем на плати за сите судски службеници, со што е обезбедена правна сигурност.

Имајќи ги предвид горенаведените образложенија, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорените одредби во уставните иницијативи У.бр.163/26, У.бр.164/26 и У.бр.165/26 се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на член 87 став 1 алинеја 2, член 99 став 2 во делот „или надлежен органи во постапка утврдена со закон“, член 163 ставови 1, 2, 3, 4, 5 и член 169 став 2 во делот „се до промената на нивото на вработениот по основ на унапредување“ од Законот за судска служба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.146/26).

Точка 111

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.166/2026 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 122 став 2 во делот „се до промената на нивото на вработениот по основ на унапредување“ од Законот за јавнообвинителска служба („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 146/26) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата пред Уставниот суд на Република Северна Македонија предлага да се поведе постапка за оценување на уставноста на дел од член 122 став (2) од Законот за јавнообвинителска служба („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.146/26):
„На јавнообвинителските службеници на кои до денот на започнувањето на примена на овој закон, при исплатата на плата им се пресметуваат дополнителни бодови за стекнат степен на кариера во делот на плата за нивото согласно со Закон за јавнообвинителска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/15, 231/15, 11/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.235/22), продолжуваат да им се пресметуваат како дополнителни бодови во делот на плата за нивото соодветно од категоријата, се до промената

на нивото на вработениот по основ на унапредување“, односно во делот „се до промената на нивото на вработениот по основ на унапредување“, бидејќи оспорениот дел доведува до повреда на еднаквоста, односно повреда на членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија во врска со социјалната припадност од членот 110 алинеја 3 од Уставот.

Владата при анализа на правните прашања покренати со Иницијативата, не најде дека постојат оправдани причини да даде позитивно мислење.

Подносителот на Иницијативата во наводите изнесува дека Законот за јавнообвинителската служба препознава и признава „унапредување преку објавување на интерен оглас“ и тоа нешто не претпоставува и унапредување на јавнообвинителски службеник доколку истиот одлучи да се пријави на јавен оглас за повисоко ниво или категорија.

Во таа насока, подносителот во наводите на уставната Иницијатива изнесува дека со оспорениот дел од одредбата се прави изедначување меѓу лицето кое ќе се пријави за унапредување на интерен оглас, при што работниот однос на тоа лице му продолжува и не постои обврска за донесување на формално решение за престанок на работниот однос кој претходно било заснован, додека за лицето кое, исто така, е јавнообвинителски службеник, а кој се пријавил на јавен оглас за работно место од повисоко ниво и по спроведена постапка заснова нов работен однос за јавнообвинителски службеник, при што за работниот однос кој постоел се носи формално решение за престанок.

Исто така, подносителот истакнува дека постои можност за јавнообвинителски службеници кои се од истото јавно оообвинителство и двајцата да ги исполнуваат условите за нивото во категоријата за која се објавува огласот за повисоко ниво, но со една единствена разлика едниот од нив да спаѓа во категоријата на јавнообвинителски службеник која е пониска од категоријата на јавнообвинителски службеник за кој се објавил интерниот оглас за унапредување.

При анализа на правните прашања покренати со уставната иницијатива подносителот ја наведува разликата меѓу интерен и јавен оглас, формалниот престанок на работниот однос и ново засновање на работен однос на јавнообвинителски службеник, но не аргументира зошто таквата разлика е уставно недозволена.

Подносителот оспорува дел од одредба која е преодна и завршна во законското решение, со која не се воспоставува ново материјално право, туку се уредува начинот и времетраењето на продолжување на веќе стекнато право.

Во конкретниот случај за дополнителните бодови, за оние јавнообвинителски службеници кои имаат стекнато бодови за степен на кариера според претходниот закон, во однос на делот од плата, законодавецот определил дека таквото право ќе продолжи додека службеникот остане на истото ниво, а ќе престане кога ќе биде унапреден на повисоко ниво, односно работно место од иста категорија.

Согласно уставната надлежност законодавецот има широка дискреција при уредување на преодниот режим, па престанокот на дополнителните бодови при унапредувањето има рационална и легитимна цел, со оваа одредба не се одзема стекнато право, туку го ограничува неговото времетраење до настапување на јасно определен правен факт – унапредување на службеникот. Легитимна цел за определувањето дополнителни бодови да престанат со унапредување е токму поради потребата да се заштитат веќе стекнатите права, да се спречи нивно трајно задржување во новиот систем и постепено да се воспостави единствен систем на плати за сите јавнообвинителски службеници, со што е обезбедена правна сигурност.

Со оспорената одредба не постои повреда на член 9 од Уставот, односно на начелото на еднаквост. Подносителот на Иницијативата тврди дека е повредено начелото на еднаквост, бидејќи различно се третираат:

- јавнообвинителски службеник кој напредува преку интерен оглас и
- јавнообвинителски службеник кој конкурира на јавен оглас и заснова нов работен однос.

Меѓутоа, овие две ситуации не претставуваат еднакви правни ситуации.

Кај интерното унапредување постои континуитет на работниот однос, при што службеникот останува во истиот работно правен однос и се менува само неговото ниво.

Наспроти тоа, при избор по јавен оглас претходниот работен однос престанува, а се заснова нов работен однос, согласно законски пропишаната постапка.

Различниот правен третман произлегува од различната правна природа на постапките, а не од некое лично својство на вработените, поради тоа не станува збор за дискриминација во смисла на член 9 од Уставот, односно подносителот не докажува уставноправна неоснованост на законското решение.

Во Иницијативата се образложуваат разликите помеѓу интерниот и јавниот оглас, како и последиците во однос на престанокот и повторното засновање на работниот однос, меѓутоа, овие наводи сами по себе не претставуваат аргумент дека законодавецот постапил спротивно на Уставот.

Не е образложено зошто различното законско уредување на две различни постапки претставува повреда на начелото на еднаквост.

Иницијативата не содржи доволно уставноправни аргументи кои би ја довеле во прашање уставноста на оспорената законска одредба.

Начелото на еднаквост не подразбира апсолутно еднакво уредување на сите правни односи, туку забрана на произволно и неоправдано различно постапување кон субјекти кои се наоѓаат во иста правна и фактичка положба.

Во конкретниот случај не станува збор за субјекти во иста правна положба, туку за лица кои правата ги стекнуваат преку различни законски постапки, поради што законодавецот може да предвиди различни правни последици.

Дополнително, преодните решенија со кои се обезбедува постепен премин од еден законски режим во друг се вообичаени во законодавната практика и сами по себе не претставуваат повреда на уставното начело на еднаквост.

Имајќи ги предвид одредбите од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, во кои е уредена Постапката за оценување на согласноста на законите со Уставот, согласноста на другите прописи и колективните договори со Уставот и законите и согласноста на програмите и статутите на политичките партии и здруженијата на граѓаните со Уставот, Владата дава негативно мислење за поднесената уставна Иницијатива.

Од горенаведените причини, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорената законска одредба е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на членот 122 став (2) во делот „се до промената на нивото

на вработениот по основ на унапредување“ од Законот за јавнообвинителска служба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.146/26), односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на оваа одредба од Законот за јавнообвинителска служба.

Точка 112

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.162/2026, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 13 став (2) во делот „став (4)”, член 22 став (5) во делот „став (4)“, член 52 став (1) алинеја 29, член 60 став (1) точки 11 и 15 и член 62 став (1) точка 9 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 73/24) и притоа го утврди следното мислење:

I. Правен основ и општа оцена

По разгледување на наводите содржани во Иницијативата и анализирање на оспорените законски одредби, се смета дека не постојат основи за поведување постапка за оценување на нивната уставност.

Оспорените одредби се дел од целината на законското уредување со кое се воспоставува системот на проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.

Нивната примена треба да се оценува во контекст на целокупната законска регулатива, а особено имајќи ги предвид целите на Законот: обезбедување ефикасно управување со посебните текови на отпад, постигнување на националните цели за собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање, обезбедување еднакви услови за работење на субјектите и спречување на нарушување на конкуренцијата.

Ваквото законско уредување е непосредно поврзано со уставно загарантираната заштита на животната средина.

Согласно член 8 од Уставот, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата претставува темелна вредност на уставниот поредок. Согласно член 43, секој има право на здрава животна средина, а Републиката обезбедува услови за остварување.

Истовремено, согласно член 55 од Уставот, слободата на пазарот и претприемништвото може да се ограничат со закон заради, меѓу другото, зачувување на природата и животната средина или здравјето на луѓето, при што Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот и презема мерки против монополската положба и монополското однесување.

Оттука, законодавецот има уставна основа да воспостави посебни правила, обврски, контролни механизми и санкции кога тие се неопходни за заштита на животната средина и за обезбедување еднакви услови на пазарот.

II. Во однос на член 13 став (2) во делот „став (4)"

Со член 13 од Законот се уредува обврската на производителот за учество во постигнувањето на националните цели за собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање на посебните текови на отпад.

Согласно ставот (1), обврската на секој производител се определува во зависност од неговиот удел во вкупната количина на производи пуштени на пазарот во Република Северна Македонија во претходната година.

Во ставот (2) е утврдено дека вкупната количина на производи пуштени на пазарот, која служи како основа за определување на минималната количина од ставот (1), ја утврдува стручниот орган, согласно со законски утврдената надлежност, и ја објавува на начинот определен во член 40 став (4).

Следствено, Законот ги утврдува суштинските елементи на обврската, додека упатувањето кон член 40 став (4) има функција да го определи начинот на објавување на веќе утврдените податоци.

Не станува збор за пренесување на законодавната функција на извршната власт, ниту за овластување со подзаконски акт да се утврдуваат нови права или обврски кои не произлегуваат од Законот.

Напротив, стручниот орган врши стручна и административна функција врз основа на критериуми утврдени со закон.

Имено, член 13 став (3) предвидува дека министерот ја пропишува методологијата за пресметување на вкупната количина на производи пуштени на пазарот, врз основа на податоци за реалните количини на отпад во претходните години. Ова дополнително потврдува дека законодавецот ги поставил основните критериуми, а методологијата претставува инструмент за нивна практична примена.

Оттука, се смета дека не постои повреда на член 8 или член 51 од Уставот.

III. Во однос на член 22 став (5) во делот „став (4)"

Член 22 од Законот го уредува барањето за добивање дозвола за колективен, односно самостоен постапувач.

Со законското уредување се воспоставуваат услови и постапка кои треба да ги исполнуваат субјектите кои сакаат да вршат дејност во системот на проширена одговорност.

Во тој контекст, податоците за количините на производи пуштени на пазарот имаат суштинско значење, бидејќи тие претставуваат основа за утврдување на обврските на производителите и за следење на исполнувањето на националните цели.

Во самото барање за дозвола, согласно член 22 став (2), се доставуваат и податоци за вкупната количина на производи пуштени на пазарот во претходната година од страна на договорните производители, односно самостојниот производител.

Оттука, упатувањето на член 40 став (4) не создава нова материјална обврска, туку е дел од механизмот за утврдување, објавување и обезбедување транспарентност на релевантните податоци.

Ваквото уредување е оправдано и од аспект на еднаквиот третман на субјектите, бидејќи исти критериуми се применуваат кон сите субјекти кои учествуваат во системот.

Поради тоа, се смета дека оспорената одредба не е во спротивност со уставниот принцип на еднаквост, владеењето на правото или слободата на пазарот и претприемништвото.

IV. Во однос на член 52 став (1) алинеја 29

Во однос на оспорената одредба од член 52, се смета дека истата треба да се разгледува во контекст на целокупниот систем на инспекциски надзор воспоставен со Законот.

Инспекцискиот надзор во областа на управувањето со отпад има особено значење бидејќи станува збор за дејност која непосредно влијае врз животната средина и здравјето на луѓето.

Предвидувањето на соодветни инспекциски мерки не претставува ограничување без уставно оправдување, туку механизам за обезбедување на почитување на законските обврски.

При оценувањето на оваа одредба особено треба да се има предвид член 55 од Уставот, согласно кој ограничувањето на слободата на пазарот и претприемништвото со закон е дозволено заради зачувување на природата, животната средина и здравјето на луѓето.

Оттука, кога определена економска активност е поврзана со управување со отпад, законодавецот има право да пропише услови за нејзино вршење и механизми за контрола на исполнувањето на тие услови.

Инспекциската мерка не е сама за себе санкција, туку средство за обезбедување законито постапување и заштита на јавниот интерес.

Поради тоа, се смета дека оспорената одредба има легитимна цел, законска основа и разумна поврзаност со заштитата на животната средина.

V. Во однос на член 60 став (1) точки 11 и 15

Оспорените одредби од член 60 се прекршочни одредби со кои се обезбедува почитување на правилата што се однесуваат на работата на колективните постапувачи.

Пропишувањето прекршочна одговорност само по себе не претставува повреда на уставно загарантираните права доколку санкцијата е поврзана со повреда на јасно определена законска обврска и е насочена кон обезбедување на легитимна цел.

Во конкретниот случај, прекршочните одредби се поврзани со правилата што имаат за цел да обезбедат:

- еднакви услови за работа на субјектите;
- спречување концентрација на пазарот;
- спречување нарушување на конкуренцијата;
- правилно исполнување на обврските во системот на проширена одговорност;
- постигнување на националните цели за управување со отпад.

Особено значајна е одредбата од член 55 од Уставот според која Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот и презема мерки против монополската положба и монополското однесување.

Оттука, правилата со кои се спречува прекумерна концентрација и се обезбедува еднаква позиција на субјектите не претставуваат ограничување на конкуренцијата, туку механизам за нејзина заштита.

Следствено, и прекршочните санкции за непочитување на овие правила имаат легитимна цел и се во функција на ефикасно спроведување на Законот.

VI. Во однос на член 62 став (1) точка 9

Во однос на член 62 став (1) точка 9, се смета дека пропишувањето прекршочна одговорност за службено лице е оправдано со потребата од законито и навремено вршење на службените надлежности.

Системот на проширена одговорност на производителот се заснова на податоци кои имаат директно влијание врз определувањето на обврските на производителите и постапувачите.

Точноста и навременото објавување на податоците се од особено значење за:
- утврдување на обврските на производителите;
- утврдување на уделите на субјектите;
- следење на исполнувањето на националните цели;
- обезбедување еднакви услови за сите субјекти;
- вршење ефикасен надзор.

Оттука, санкционирањето на непостапувањето од страна на службеното лице претставува инструмент за обезбедување одговорно, навремено и законито вршење на јавните овластувања.

Таквата одговорност не претставува автоматско санкционирање без основ, туку е поврзана со непочитување на конкретна законска обврска.

VII. Во однос на правото на сопственост и слободата на претприемништвото

Доколку наводите во Иницијативата се темелат и на повреда на правото ва сопственост или слободата на претприемништвото, се укажува дека овие права не се апсолутни.

Согласно член 30 од Уставот, сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добробит на поединецот и на заедницата.

Од друга страна, член 55 изречно дозволува ограничување на слободата на пазарот и претприемништвото со закон заради зачувување на природата и животната средина.

Затоа, обврските што произлегуваат од Законот за проширена одговорност на производителот не можат да се третираат како неоправдано ограничување на економската активност.

Тие претставуваат општи правила за вршење на определена економска активност, утврдени со закон и оправдани со заштита на животната средина.

VIII. Принципот „загадувачот плаќа"

При оценувањето на целта и оправданоста на законското уредување треба да се земе предвид и принципот „загадувачот плаќа", кој претставува едно од основните начела на заштитата на животната средина во Република Северна Македонија. Министерството и во своите официјални

материјали го определува овој принцип како интегрален елемент на системот на заштита на животната средина.

Системот на проширена одговорност на производителот е во функција на операционализирање на овој пристап, преку поврзување на одговорноста на производителот со производите што ги пушта на пазарот и отпадот што произлегува од нив.
На тој начин се создава стимул производителите да преземаат мерки за намалување на отпадот, повторна употреба и рециклирање и истовремено се обезбедуваат средства и организациски механизми за управување со посебните текови на отпад.

IX. Принцип на пропорционалност

Се смета дека оспорените одредби треба да се оценуваат и од аспект на нивната пропорционалност.

Мерките:

1.Имаат легитимна цел - заштита на животната средина, здравјето на луѓето и обезбедување ефикасен систем за управување со отпад.

2.Се соодветни бидејќи без механизми за надзор, обврзување и санкционирање исполнувањето на законските цели би било отежнато или оневозможено.

3.Се неопходни - имајќи предвид дека системот на проширена одговорност подразбира континуирано следење на количините на производи, исполнувањето на обврските и функционирањето на постапувачите.

4.Не го укинуваат правото на вршење економска активност, туку го условуваат неговото вршење со почитување на законски утврдени правила за заштита на животната средина и фер пазарно функционирање.

Поради тоа, се смета дека постои разумна и пропорционална врска меѓу средствата предвидени со оспорените одредби и целите што се настојува да се постигнат.
X.Заклучок

Имајќи го предвид сето погоре наведено се смета:

1. Оспорените одредби од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад се во функција на остварување на легитимни цели од јавен интерес, пред се заштита и унапредување на животната средина, здравјето на луѓето и обезбедување ефикасен систем за управување со посебните текови на отпад.

2. Оспорените одредби не се во спротивност со член 8, член 30, член 43, член 51 и член 55 од Уставот на Република Северна Македонија.

3. Упатувањето на член 40 став (4) во член 13 став (2) и член 22 став (5) не претставува недозволено пренесување на законодавната функција, туку упатување на законски утврден механизам за објавување и примена на податоци релевантни за спроведување на Законот.

4. Инспекциските мерки и прекршочните одредби се оправдани со потребата од обезбедување ефикасно спроведување на законските обврски и заштита на јавниот интерес.

5. Ограничувањата што произлегуваат од оспорените одредби имаат законска основа, легитимна цел и се пропорционални со целите што се настојува да се постигнат.

6. Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија, смета дека Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 13 став (2) во делот „став (4)", член 22 став (5) во делот „став (4)", член 52 став (1) алинеја 29, член 60 став (1) точки 11 и 15 и член 62 став (1) точка 9 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад е неоснована и предлага истата да не биде прифатена.

Точка 113

Владата ја разгледа Понудата од нотар Снежана Видовска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.189629, на КП бр.1955/1 и Имотен лист бр.189631, на КП бр.1916/1, за КО Драчево 2, викано место/улица „Караџина“ и по Понудата го усвои Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

Точка 114

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.191807, за КО Драчево 2, на КП бр.798, викано место/улица „Чупријан“ и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт.

Точка 115

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.191810, на КП бр.799, за КО Драчево 2, викано место/улица „Чупријан“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт.

Точка 116

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.192763, на КП бр.795, за КО Драчево 2, викано место/улица „Чупријан“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт.

Точка 117

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.102213, за КО Радишани, на КП бр.4057/1, викано место/улица „Радишани“, Имотен лист бр.102215, за КО Радишани, на КП бр.4051, викано место/улица „Радишани“, Имотен лист бр.102216, за КО Радишани, на КП бр.4055/1, викано место/улица „Радишани“ и Имотен лист бр.103266, за КО Радишани, на КП бр.4067, викано место/улица „Жегравец“ и по Понудата ги усвои Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт.

Точка 118

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за нотаријатот за 2025 година, како материјал за информирање.

Точка 119

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2025 година, како материјал за информирање.

Точка 120

Владата ја разгледа Информацијата за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во конечниот ревизорски извештај од областа на ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност (Образец ИЗПМ) за период од 17 јануари 2022 година до 22 јуни 2024 година, со Акциски план, како материјал за информирање.

Точка 121

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот во воспоставувањето и развојот на системот за управување со квалитет и примената на Заедничката рамка за проценка (CAF) во јавниот сектор во 2025 година, како материјал за информирање.

Точка 122

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за 2025 година, како материјал за информирање.

Точка 123

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен [сметка на основен буџет (637)], како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Точка 124

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Жени лидери - жени во политиката, Собранието, на раководни функции во органи на централна власт“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Министерството за здравство, да подготват акциски планови со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да ги достават до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Точка 125

Владата ја разгледа Информацијата за надминување на укажувањата во врска со препораките и утврдените состојби во наодите на внатрешниот ревизор за извршена ревизија на процесот на спроведување на јавни набавки во Акционерското друштво Аеродроми на Република Северна Македонија, во 2024 година и првите два квартали од 2025 година, со прилог Квартален извештај за преземени мерки, како материјал за информирање.

Точка 126

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“-Велес, за периодот април-јуни 2026 година, како материјал за информирање.

Точка 127

Владата го разгледа Извештајот на Општина Свети Николе за искористени средства од Буџетот на Република Северна Македонија, согласно Одлуката за одобрување на средства од Резервите на Република Северна Македонија за 2026 година, бр.57-4336/6 од 24 јуни 2026 година, како материјал за информирање.

Точка 128

1. Владата на Мевљан Морина му утврди престанок на мандатот од должноста заменик на директорот на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, на негово барање, поради судир на интереси.

2. Владата ја разреши Диела Сопај Јашари од Министерството за економија и труд од должноста член на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи.

2.1. Владата ја именува Мајлинда Сулејмани од Министерството за економија и труд за член на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи.

3. Владата го разреши Добривое Пауновски од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза „Јасеново“ – Велес, на негово барање, поради судир на интереси.

4. Владата даде согласност на Одлуката бр.02-483/2 од 25.9.2026 година на Советот на ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид, со која за директор на ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид се избира д-р Орхидеја Тасевска, научен советник.

Точка 129

1.Владата го разгледа Барањето од Министерството за дигитална трансформација за дополнување на Извадокот од Нацрт-записникот од Двесте и четиринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 септември 2026 година, точка 64, Прашања и предлози: „Информација за организација на промотивен настан за дигитален паричник на Министерството за дигитална трансформација“, го прифати Барањето и заклучи да се дополнат заклучоците со нов Заклучок бр.8, кој гласи:

„8. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, за потребите на промотивниот настан за дигиталниот паричник на Министерството

за дигитална трансформација, кој ќе се одржи на 28 октомври 2026 година во НУ Македонска филхармонија, да обезбеди црвена патека, најмалку три државни знамиња, како и транспорт на наведената опрема до и од местото на одржување на настанот.“.

2.Владата ги симна од Дневен ред Предлог-заклучоците од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во врска со настанатите штети од невремето што го зафати Градот Скопје на 21 јули 2026 година.

3.Владата по повод укажувањето на Муамед Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање за потребата од унапредување на законската регулатива во делот на санкционирањето за непрописно фрлање и одлагање на отпад го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да формира работна група со претставници од Министерството за правда, Министерството за транспорт и ЗЕЛС, заради усогласување на предлозите за изменување и дополнување на релевантните закони и во рок од две недели до Владата да достави соодветен предлог.

Точка 130

Владата ја разгледа Информацијата за подготовките за учество на делегација на Република Северна Македонија на Конференцијата на високо ниво за Западен Балкан во рамки на Берлинскиот процес, на 22 октомври 2026 година, во Свети Стефан, Црна Гора, со Предлог-платформа за настап на делегацијата и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја прифати Платформата за настап на делегацијата на Република Северна Македонија за учество на Конференцијата на високо ниво за Западен Балкан во рамки на Берлинскиот процес, на 22 октомври 2026 година, во Свети Стефан, Црна Гора.

2. Се задолжуваат членовите на делегацијата на Република Северна Македонија да ги презентираат ставовите содржани во Платформата за настап на делегацијата на Република Северна Македонија за учество на Конференцијата на високо ниво за Западен Балкан во рамки на Берлинскиот процес, на 22 октомври 2026 година, во Свети Стефан, Црна Гора, за настап на сесиите кои се предвидени во рамки на програмата на Конференцијата на високо ниво за Западен Балкан во рамки на Берлинскиот процес.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да ги спроведе сите неопходни дипломатски активности и протоколарни подготовки поврзани со учеството на делегацијата на Република Северна Македонија на Конференцијата на високо ниво за Западен Балкан во рамки на Берлинскиот процес.

Точка 131

Владата ја разгледа Предлог-уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2026 година и ја донесе Уредбата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

* * *

Актот не е реализиран на оваа седница на Владата на Република Северна Македонија.

Точка 132

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Република Северна Македонија, која произлегува од договорот за долгорочен кредит за финансирање на буџетски потреби од Шпаркасе банка АД Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за задолжување на Република Северна Македонија кај Шпаркасе банка АД Скопје по Договорот за долгорочен кредит за финансирање на буџетски потреби на Република Северна Македонија (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

Точка 133

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај домашни комерцијални банки во износ до 40.000.000 евра во денарска противвредност ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да ја започне и спроведе постапката за задолжување на Република Северна Македонија со склучување на договор за заем со домашни комерцијални банки во износ до 40.000.000 евра во денарска противвредност.

Точка 134

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за задолжување на Општина Чаир со долгорочен кредит кај Комерцијална банка АД Скопје.

Точка 135

Владата ја разгледа Информацијата за промена на критериумите за кредитната линија од компензационите фондови која се реализира преку Развојна банка на Северна Македонија за поддршка на претпријатија со дејност од областа на земјоделството за обезбедување на поддршка на откупот на земјоделските производи, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за условите и критериумите за репласирање на средствата од компензационите фондови од странска помош, доколку Министерството за финансии достави ново мислење по материјалот.

* * *

Актот не е реализиран на оваа седница на Владата на Република Северна Македонија.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:40 часот.